ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
# 31 декември 2018

**СОДРЖИНА**


1. Значајни податоци за работењето за годината завршена на 31 декември 2018
2. Организациона структура
3. Управување и водење на Друштвото
4. Акционерски капитал и акционери на Друштвото
5. Деловно опкружување
6. Работење во периодот на известување
7. Финансиски резултат и финансиска положба
8. Контрола на ризикот
9. Подршка на информатичка технологија
10. Вработување и структура на вработени
11. Правни и економски односи со поврзани и заинтересирани страни


**Нето добивка**




2018 година заврши со нето добивка од 31.5 милиони МКД која воедно претставува пад од 63% во споредба со нето резултатот од 2017 година, кога беше остварена добивка од 85.2 милиони МКД

**Бруто остварена премија**




Бруто остварената премија во 2018 година бележи раст од 9% во споредба со претходната година. Причините за овој раст се објаснети на страна 22-25.

# 1. Значајни податоци за работењето за годината завршена на 31 декември 2018 година

## 1.1 Основни податоци

| | |
|---|---|
| Име на друштвото: | ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД,Скопје |
| Седиште на друштвото | Адреса: Бул. “8-ми Септември,” бр. 16,1000 Скопје-Карпош<br>Телефон: +389 2 5102222; +389 2 5102200<br>Факс: +389 2 5102297<br>Електронска пошта:osig@triglav.mk<br>Internet: www.triglav.mk |
| Дата на основање: | 09.04.1993 година |
| Упис во централен регистар | 19.09.2011 година, деловоден број 30120120021479 |
| Матичен број | 4691130 |
| Даночен број | 4030993129071 |
| Основен капитал на друштвото | 185.223.031 МКД (3.009.200 Eur) |
| Извршни членови на Одборот на директори | Ѓорѓе Војновиќ, Рок Пивк |
| Претседател на Одбор на директори | Тедо Дјекановиќ |
| Дејност на друштвото по стандардна класификација на дејноста | Неживотно осигурување 65.12 |
| Овластен ревизор | Ернст и Јанг<br>Адреса: бул.8-ми Септември 18/3-4, 1000 Скопје-Карпош |

## 1.2 Значајни финансиски податоци за работењето

| МКД`000 | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 | Индекс 2/3 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Пресметана бруто премија | 1.425.495 | 1.312.647 | 109 |
| Нето заработена премија | 1.118.166 | 1.086.289 | 103 |
| Бруто ликвидирани штети | (679.800) | (598.495) | 114 |
| Нето издатоци за штети | (616.886) | (557.328) | 111 |
| Нето трошоци за спроведување на осигурување | (474.988) | (434.403) | 109 |
| Резултат од работењето пред оданочување | 36.349 | 97.709 | 37 |
| Нето резултат од работењето | 31.477 | 85.202 | 37 |

| МКД`000 | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 | Индекс 2/3 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Технички резервации | 1.248.387 | 1.249.199 | 100 |
| Вкупно капитал | 882.553 | 831.106 | 106 |
| Број на вработени | 251 | 244 | 103 |

| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
|---|---|---|
| Расходен количник | 40,8% | 33,5% |
| Штетен количник | 60,0% | 40,5% |
| Комбиниран количник | 100,8% | 96,4% |
| РОЕ (Принос на капиталот) | 3,7% | 10,8% |

Значајни случувања во извештајниот период:

- Заклучно со крајот на 2018 година, Триглав Осигурување АД, Скопје оствари позитивен нето – резултат од 31.5 милиони МКД, што претставува пад од 63% во однос на минатата година. Послабиот резултат е последица на растот на нето штетите од една, и повисоките трошоци за аквизиција од друга страна. Дополнително влијание имаше и значајниот раст на премија предадена во реосигурување.
- Средствата кои ги покриваат техничките резерви порасна на 1.511 милиони МКД, односно ги надминуваат нето-техничките резерви за 430 милиони МКД (индекс од 140).
- Заклучно со последните официјални податоци од третиот квартал во 2018 година, Триглав Осигурување АД, Скопје го задржа првото место на пазарот на осигурување со учество од 18,10%.
- Капиталната адекватност на Друштвото изнесува 336%.

Во однос на планот за годината завршена на 31 декември 2018 година, бруто полисираната премија беше на повисоко ниво за 2%, додека остварениот нето деловен резултат понизок за 58%. Послабиот финансиски резултат се должеше на повисоките штети од една страна и повисоките трошоци за аквизиција од друга страна.
Според планот за 2019 година очекуваме пораст во бруто полисирана премија од 2%, како и пораст во нето деловниот резултат.

**Мисија**

Со одговорно и стручно изведување на осигурувањето, со потполна заштита на нашите осигуреници и управување со нивните ризици, оствaруваме посигурна и побогата иднина за нашите клиенти, сопственици и вработени. Со зголемени активности за афирмација на општествената одговорност на локално ниво, придонесуваме кон развојот на општествената одговорност.

**Визија**

Зголемениот углед на Друштвото во очите на клиентите, вработените, акционерите и општествената заедница се примарни услови на нашата визија за успешно работење. Затоа мораме да останеме водечка осигурителна компанија, компанија со препознатлив бренд на доверба, лојалност, ефикасност и високо утврдени стандарди на квалитет на производите. Поактивен пристап со

клиентите, ќе воспостави поквалитетни односи градејќи ја нивната трајна доверба. Со вложување во развој на осигурителните производи, знаење, информатичка технологија, вработени, сакаме да станеме носители на развојот на локалниот пазар.

**Клучни стратешки цели**

Основна стратешка цел на Друштвото е континуирано подобрување и зголемување на деловниот резултат од основната дејност, максимална присутност на пазарот на осигурување, пари и капитал, како и постојано подобрување на комбинираниот количник.

*Аспект на вработени, образование и развој*

- Вработување и развој на најдобрите достапни кадри,
- Организациска култура во склад со кодексот на Групацијата Триглав,
- Компетентност на водителите (на сите нивоа),
- Висока стручна оспособеност на вработените во Триглав Осигурување АД Скопје.

*Аспект на процесите (организација)*

- Зголемување на усогласеноста во организацијата (оптимизација на процесите),
- Воспоставување на мерливост на процесите и реализација,
- Зголемување на продуктивноста.

*Аспект на клиентите (пазарот)*

- Континуиран органски раст на уделот и премијата во склад со растот на пазарот,
- Лојални и задоволни клиенти:

А) Задржување на квалитетните клиенти,

Б) Влијаење кон зголемување на базата на потенцијални клиенти – континуирана едукација на пазарот, особено во доменот на незадолжителните класи на осигурување,

- Сеопфатно портфолио на производи во согласност со потребите на пазарот,
- Висока свесност на пазарот за брендот и компанијата – зголемување на угледот и континуирано градење на перцепција на стабилна и сигурна компанија која нуди висок квалитет на услуга и сигурност.

*Финансиски аспект*

- Долгорочна профитабилност од основната дејност,
- Оптимизација на трошоците,
- Максимизација на приносот од вложување.

**Планирани активности**

За спроведување на зацртаните цели Друштвото во наредниот период планира да преземе низа активности, а кои вклучуваат:

- Подобрување на продуктивноста на сопствената продажна мрежа преку континуирани анализи на реализацијата на премиските плански цели поставени за сите продавачи, особено со фокус на редовна наплата на премии;
- Таргетирано истражување на пазарот со цел навремено прилагодување на потребите на клиентите;
- Креирање на пакет производи за што поголема дисперзија на ризиците како и поголем опфат на осигурувањето;
- Продажни акции за сопствената продажна мрежа како алатка за поголема продуктивност и поттикнување на лојалност на клиентите;
- „Custom made“ односно персонализиран пристап во креирањето на понуди за ДЗО за корпоративни клиенти;
- Комуницирање на производите во доменот на незадолжителни класи на осигурувања каде потенцијалот на пазарот е поголем, и во доменот на стратешки проекти (ATL, JO, digital-online закупи, social, content marketing);
- Управување со ликвидноста преку следење, планирање и известувања за состојбата на неделно и месечно ниво;
- Формирање на пакет производи за одредена група корисници (СМЕ), анализа на техничкиот резултат за тие видови осигурувања;
- Воведување на кадровскиот информациски систем Гецко;
- Воспоставување на проектот „Триглав Училиште“;
- Воведување на е-едукација во пракса;
- Интеграција на системот за целно раководење и системи на Друштвото;
- Имплементација на минималните стандарди на полето на ИТ на ниво на Групацијата Триглав;
- Воведување на DWH и Bi како алатки за подготовка на различни извештаи при раководење на друштвото и донесувања на одлуки;
- Унапредување на процесите за контрола и следење на наплатата на доспеаните побарувања.

## 2. Организациона структура

За ефикасно и квалитетно извршување на стручни, административни и други работи и работни задачи во Друштвото се организирани соодветни организациони облици и тоа:

- Сектори:
    - Одделенија,
    - Експозитури.
- Штабни служби.

**Секторот за продажба** е одговорен за:

- Подготовка на анализа на пазарот на осигурување и конкуренцијата,
- Подготовка, развој и координација за водење на концептот на продажба,
- Формирање на предлози за провизиски стапки на продажба,
- Планирање на продажбата,
- Реализација на премискиот план,
- Организирање на продажба на осигурување на корпорациски и клучни купувачи,
- Спроведување и грижа за наплата на премија на осигурување,
- Анализа на ефикасност на продажни мрежи и трошоци на продажба по продажни канали,
- Воспоставување на систем за следење на задоволството на странките,
- Договарање и склучување на стратешки сојузништва со екстерни договорни партнери на подрачјето на продажба,
- Соработка во развојот на нови и надоградба на постојните производи на осигурување,
- Извршување на други активности.

**Секторот за штети и регреси** е одговорен за:

- Одредување на овластувања на подрачјето на проценка и ликвидација на штети по организациски единици и работни места,
- Евидентирање,обработка и ликвидација на барањата за штети,
- Утврдување на оправданоста за регрес, постапки за наплата, административно технички работи во врска со регресите,
- Водење на постапка во врска со барања за отштета,
- Одредување на постапка за резервација на штети заедно со Службата за актуаријат,
- Соработка во подготовка на понуди и проценка на ризик,
- Соработка со Одделението за реосигурување (собирање и подготовка на податоци за штети) и Службата за актуаријат,
- зршување на жалбени постапки,
- Соработка со надворешни институции и застапување пред судовите и други органи поради решавање на барања,
- Одредување на постапка за резервација на штети заедно со Службата за актуаријат,
- Утврдување и подготовка на анализи за задоволство на странките,
- Извршување на други активности.

**Секторот за економско-финансиски работи** е одговорен за:

- Обезбедување на извори и насочување на финансиските средства,
- Извршување на финансиска оператива (плаќање на обврски, обезбедување на услови за вршење на платен промет),
- Следење на ликвидноста на Друштвото,
- Грижа за покриеноста на техничките резерви на сите видови на осигурување и структура на гарантни резерви,
- Водење на главна книга и помошни книги,
- Извршување на даночни обврски,
- Подготовка на финансиски извештаи согласно локална и меѓународна регулатива,
- Врши работи од областа на управување со ризици.

- Учество во изработката на планот и стратегијата на Друштвото, подготовка на планот на Одделението и соработка во подготовката на плановите на останатите Сектори,
- Извршување на други активности.

**Секторот за развој оценка и превземање на ризици** е одговорен за:

- Подготовка на основи за осигурување,
- Одредување и измена на условите на осигурување,
- Развој на нови производи,
- Оценка и преземање на ризик,
- Склучување на реосигурителни договори,
- Стратешки анализи,
- Одржување и унапредување на технологија на осигурување во информатичкиот систем,
- Водење преговори и склучување договори за сите поделикатни осигурувања,
- Извршување на други активности.

**Службата за внатрешна ревизија** е одговорна за:

- Подготовка на план на Службата и соработка во подготовка на плановите на Друштвото и грижа за ефикасно спроведување на годишната програма и деталниот оперативен план, Следење и контрола на усогласеноста на работењето на Друштвото со Законот за супервизија на осигурување како и со другите законски прописи, деловната политика и внатрешните акти на Друштвото со кои е регулирано работењето на Друштвото,
- Оценување на адекватноста и ефикасноста на воспоставениот систем на внатрешна контрола, правилата, процедурите за работа, постапката и испитување на функционирање на внатрешна контрола во Друштвото,
- Следење на работењето на основните деловни функции и спроведување на внатрешна ревизија во организациските единици,
- Оценување на ефикасноста на сметководствениот систем и систем на информации за деловно одлучување,
- Проверка на изработената годишна сметка и финансиските извештаи,
- Извршување на други активности.

**Службата за кадровски и општи работи** е одговорна за:

- Изработка на колективен договор и други поединечни акти поврзани со делокругот на работата на Службата,
- Водење и подготовка на кадровски извештаи, евиденција и анализа од подрачјето (кадри, образование и друго),
- Планирање на кадри, образование, соработка и координација во подготовка на план со другите организациски единици,
- Извршување на сите активности во врска со функцијата на квалитетот (стандаризација, сертификација),
- Планирање, водење и изведување на процеси на интерно и екстерно образование и усовршување,
- Набавка на основни средства, материјали и услуги и подготовка и водење на инвестиции и инвестициско одржување,
- Водење на архива на Друштвото согласно Законот за архивско работење,
- Планирање, организирање и обезбедување на заштита при работа, заштита од пожар, физичко и техничко обезбедување,
- Вршење на општи работи за потребите на Друштвото,
- Извршување на други активности.

**Службата за маркетинг и односи со јавност** е одговорна за:

- Развој и имплементација на маркетингот и комуникациската стратегија, која вклучува корпоративни и промотивни активности и огласувања во склад со потребите и целите на фирмата и групата,

- Следење на пазарните промени и своите потреби и соодветно прилагодување на маркетиншката стратегија,
- Корпоративни и внатрешни комуникации и изградба на односи со медиумите, влијателната јавност, акционерите и вработените,
- Следење на работата и активностите на конкуренцијата во областа на развојот на производите, маркетингот и корпоративните комуникации, и во склад со тоа прилагодување на сопствената маркетинг стратегија,
- Организирање, уредување и надзор врз корпоративна, дигитална комуникација и корпоративните настани - прес конференции, саеми настапи на донатори и другите настани,
- Поддршка и анализа на резултатите на промоција на продажните акции,
- Извршување на други активности.

**Служба за спречување, откривање и истрага на измами** е одговорна за:

- Воспоставување и подобрување на систем за целосно и континуирано следење и известување врз основа на КПИ планови (клучни показатели на измама),
- Воспоставување и подобрување на внатрешна контрола, со цел веднаш да се идентификува и спречи настанување на измамата,
- Утврдување на процедура за намалување на загуби кои произлегуваат од измама,
- Утврдување на мерки за санкционирање и воспоставување на соодветни постапки и внатрешна контрола, во случај на откриени измами,
- Подготовка на извештаи за завршените истражувања на задачите и советодавните услуги,
- Извршување на други активности.

**Служба за информатичка и комуникациска технологија** е одговорна за:

- Обезбедување и развој на информатичка подршка,
- Техничка помош на корисниците во врска со употребата на информатичка подршка,
- Одржување и заштита на интерна мрежа, сервери и база на податоци,
- Дизајн, развој и одржување на INHOUSE апликација,
- Документирање на IT процеси и процедури,
- Набавка на хардвер, софтвер и потрошен материјал,
- Следење и извршување на договори со надворешни фирми,
- Извршување на други активности.

**Службата за актуаријат** е одговорна за:

- Проверка на правилност на пресметката во кварталните сметки во однос на формирање на технички резерви и други резерви на Друштвото,
- Проверка на премиите на техничките резерви дали се пресметани во согласност со одредбите на Законот за супервизија на осигурување, како и дали истите се пресметани и издвоени на начин кој ќе овозможи долгорочно исполнување на обврските кои произлегуваат од договорот за осигурување од страна на Друштвото,
- Давање мислење за општи и посебни услови на осигурување, тарифи на премии на осигурување и техничките основи на осигурување,
- Подготовка и изработка на табела на максимално самопокритие, правилник за формирање и начин на пресметка и висина на преносни премии, правилник за начинот на формирање на резерви на штети, правилник за формирање на резерви за израмнување на ризик и другите акти на деловната политика,
- Извршување на други активности.

**Службата за позадинско работење** е одговорна за:

- Тарифација на изготвените полиси (во согласност со Одлуката за овластувања) за сите видови на осигурување,
- Одговара за суштинска и сметковна контрола на полисите,
- Вршење на сите потребни активности на подрачјето на строга евиденција,

- Вршење на внес и вршење на надзор во централната збирка на деловни партнери,
- Испраќање на известувања за доспевање,
- Дневно книжење на приливи и одливи за правни и физички лица, канали на продажба и дополнителни евиденции,
- Дневна контрола и обезбедување на соодветна аналитика на наплата на долгови и обврски кои произлегуваат од осигурителните работи,
- Соработка со подрачјето за продажба за наплата на долгови и бележење на сомнителни и спорни долгови,
- Опомена на нередовните плаќачи и грижа за листата за исклучоци кај праќањето на опомени, склучување на договори за исплата на долг,
- Соработка со другите организациски единици на друштвото со цел наплата на побарувања; давање предлози за утужување на коминтенти и подготовка на документација за утужување
- Подготовка на пресметки за намалена вредност (исправка на вредноста) на наплатните долгови и нивно книжење,
- Извршување на други активности.

**Службата за правни и корпоративни работи** е одговорна за:

- Следење на промените на законската регулатива и предлагање мерки за потребно усогласување на работењето и актите на Друштвото со позитивното законодавство,
- Воспоставување на рамка за обезбедување на усогласеност со прописите за заштита на лични податоци и управување со предметното подрачје,
- Следење на адекватноста и правовременоста при известувањето на Друштвото и стручна помош при исполнување на обврски за доставување на извештаи на државни тела, органи и институции,
- Контрола и поддршка на сите правни и нормативно првани работи на ниво на целото Друштво
- Координација, водење и подготовка на документација за органите на управување на Друштвото,
- Организација на работењето и следење на извршувањето на одлуките на Собранието на акционери и Одборот на директори,
- Извршување на други активности.

**Експозитурите**, како дел од Секторот за продажба, се одговорни за:

- Продажба на сите видови на осигурување согласно важечките тарифи и усови за осигурување,
- Реализација на премискиот план,
- Посредување и опфат на сите осигурувања во склад со овластувања,
- Спроведување и грижа за наплата на премија на осигурување,
- Грижа за внес на полиси,
- Соработка при прием на пријава на штети,
- Соработка во проценка на ризик, утврдување на максимални штети,
- Одржување на постојани контакти со осигурениците и проследување на информациите за условите и цените на осигурувањето,
- Извршување на други активности.

Деловната мрежа во Друштвото е организирана во рамките на Секторот за продажба. Заклучно со 31 декември 2018 во функција се 16 експозитури, кои претставуваат најистурениот канал преку кој се обезбедува достапност на осигурителната понуда до клиентите. На подрачјето на работење на една Експозитура, продажбата може да се врши на повеќе продажни места, преку организирање на застапништва кои не претставуваат самостојни организациони единици, односно истите функционираат во рамките на Експозитурата на чие подрачје се регистрирани.

Со цел приближување на понудата до постоечките и потенцијални клиенти, во текот на 2018 година Друштвото отвори три нови застапништва и тоа во Охрид, Гостивар и Богданци. Во насока на рационализација на трошоците и подобрување на продуктивноста на продажната мрежа во текот на 2018 година се затворија три застапништва од кои две во Скопје и застапништвото во Крива Паланка кои не успеаа да ги постигнат поставените таргети за оправданост на трошоците.


Легенда
1 Сектор
2 Штабна служба
3 Одделение
4 Експозитура
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
ГЛАВЕН ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР
ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР
Служба за внатрешна ревизија
Раководител на Служба
Служба за правни и корпоративни работи
Раководител на Служба
Служба за кадровски и општи работи
Раководител на Служба
Служба за маркетинг и односи со јавност
Раководител на Служба
Служба за спречување, откривање и истрага на измами
Раководител на Служба
Служба за информатичка и комуникациска технологија
Раководител на Служба
Актуаријат
Раководител на Служба
Служба за позадинско работење
Раководител на Служба
Сектор за економско финансиски работи
Директор на Сектор
Сектор за штети и регреси
Директор на Сектор
Сектор за развој оценка и превземање на ризик
Директор на Сектор
Сектор за продажба
Директор на Сектор
Одделение за финансии
Водител на Одделение
Одделение за сметководство
Водител на Одделение
Одделение за финансиски контролинг
Водител на Одделение
Одделение за правни штети
Водител на Одделение
Одделение за технички штети
Водител на Одделение
Одделение за развој на осигурување
Водител на Одделение
Одделение за оценка и превземање на ризик, реосигурување
Водител на Одделение
Одделение за продажба на осигурување на корпорациски и клучни купувачи
Водител на Одделение
Експозитура БИТОЛА
Раководител
Експозитура ТЕТОВО
Раководител
Експозитура КУМАНОВО
Раководител
Експозитура ВЕЛЕС
Раководител
Експозитура ГЕВГЕЛИЈА
Раководител
Експозитура ПРИЛЕП
Раководител
Експозитура ОХРИД
Раководител
Експозитура ГОСТИВАР
Раководител
Експозитура КОЧАНИ
Раководител
Експозитура СТУМИЦА
Раководител
Експозитура КАВАДАРЦИ
Раководител
Експозитура ШТИП
Раководител
Експозитура РАДОВИШ
Раководител
Експозитура КИЧЕВО
Раководител
Експозитура СКОПЈЕ
Раководител
Експозитура СТРУГА
Раководител

## 3. Управување и водење на Друштвото

### 3.1 Управување и водење на Друштвото

Начинот на управување на Триглав Осигурување АД, Скопје е според едностепен систем на управување.

Органи на Друштвото се:

- Собрание на акционери и
- Одбор на директори, со помошно тело Ревизорска комисија.

Органите на Друштвото дејствуваат во согласност со законите и останатите прописи, Статутот и интерните акти на Друштвото.

### 3.1 Собрание на акционери

Акционерите на Друштвото ги остваруваат своите права преку Собранието на акционери. Правата и начинот на дејствување на Собранието се определени со Законот за трговските друштва, Законот за супервизија на осигурување и Статутот на Друштвото.

Во текот на 2018 година беа одржани 2 (две) седници на Собранието на акционери и тоа:

- 48-та седница на Собранието на акционери–одржана на 02.03.2018 година и
- 49-та седница на Собранието на акционери–одржана на 28.05.2018 година.

### 3.2 Одбор на директори

Управувањето во Друштвото е организирано според едностепениот систем на управување преку Одбор на директори. Одборот на директори може да брои најмалку 4 (четири), а најмногу 8 (осум) члена. Моментално Одборот на директори се состои од 7 (седум) члена и тоа:

- Г-дин Ѓорѓе Војновиќ, МБА – извршен член - главен извршен директор; менаџер по бизнис и администрација;
- Г-дин Рок Пивк –извршен член - извршен директор; дипломиран економист;
- Г-дин Тедо Дјекановиќ, МБА – Претседател на Одборот на директори; магистер по бизис администрација;
- Г-дин Дарко Поповски, МБА – неизвршен член; магистер по бизис администрација;
- Г-дин Блаж Кметец, неизвршен член, магистер по финасии;
- Г-дин Матеј Ферлан, МБА – независен неизвршен член- магистер по бизнис администрација и
- Г-дин Љубе Рајевски, независен неизвршен член, дипломиран економист.

Во текот на годината позначајни настани поврзани со Одборот на директори се следните:

На 48-та седница на Собранието на акционери одржана на 02.03.2018 година, Собранието на акционери го избра г-дин Љубе Рајевски за нов независен неизвршен член на Одборот на директори и констатираше дека на г-ѓа Сања Танчевска и истекува мандатот на функцијата извршен член на Одборот на директори до и заклучно со 28.02.2018 година.

На 49-та седница на Собранието на акционери одржана на 28.05.2018 година, Собранието на акционери го отповика г-дин Блаж Кметец од функцијата независен неизвршен член на Одборот на директори и го избра за неизвршен член на Одборот на директори.

Во временскиот период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година Одборот на директори одржа 13 (тринаесет) седници на кои што беа разгледувани значајни прашања од делокругот на работењето на Друштвото. Одборот на директори разгледуваше и решаваше и за други работи од тековен карактер што се во негова надлежност.

Седниците на Одборот на директори беа редовно одржувани во закажаните термини и на истите речиси секогаш сите членови беа редовно присутни и земаа активно учество во работата.

Со цел благовремено и квалитетно извршување на обврските од страна на Одборот на директори формирана е Ревизорска комисија како помошно тело на Одборот на директори. Ревизорската комисија обезбедува надзор и контрола на интегритетот на финансиско известување, внатрешна контрола, ефективност на внатрешната ревизија и дава препорака за избор на друштво за ревизија.

Моментално,Ревизорската комисија се состои од 5 (пет) члена и тоа:

- г-дин Дарко Поповски, претседател на Ревизорската комисија;
- г-ѓа Матеја Гержина, член;
- г-ѓа Јана Полда, член;
- г-дин Бранко Флисар, член и
- г-дин Алеш Левстек.

Во текот на годината позначајни настани поврзани со Ревизорската комисија се следните:

На 141-та седница на Одборот на директори одржана на 26.02.2018 година, Одборот на директори за нов член на Ревизорската комисија го избра г-дин Алеш Левстек.

Во временскиот период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година Ревизорската комисија одржа 5 (пет) седници на кои што беа разгледувани значајни прашања од делокругот на работењето на Друштвото, а кои особено се однесуваат на сметководственото и финансиското работење на Друштвото, работата на внатрешната и надворешната ревизија, ефикасноста на работењето на внатрешните контроли и управување со ризици, инспекциските и надворните контроли во Друштвото и слично.

Седниците на Ревизорската седница беа редовно одржувани во закажаните термини и за истите беше обезбедуван потребниот кворум за одржување, односно најчесто беа присутни четири од пет члена.

Во продолжение се презентирани примањата на членовите на Одборот на директори исплатени од страна на Триглав Осигурување АД Скопје во деловната 2018 година.

***Во илјади МКД***

| **Име и презиме** | **Функција** | **Период на извршување на функција** | **Плата и надоместоци** | **Животно осигурување*** | **Регрес за годишен одмор** | **Паушал на неизвршни членови на Одборот на директори** | **Други видови на надоместоци**** | **Вкупно МКД'000** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тедо Дјекановиќ | Неизвршен член - Претседател на Одборот на директори | од 01.03.2015 година | - | - | - | - | 37 | **37** |
| Ѓорѓе Војновиќ | Извршен член на Одборот на директори, главен извршен директор | од 17.11.2015 година | 7.285 | 74 | 14 | - | - | **7.373** |
| Рок Пивк | Извршен член на Одборот на директори, извршен директор | од 29.08.2017 година | 7.129 | 74 | 14 | - | - | **7.217** |
| Сања Танчевска | Извршен член на Одборот на директори, прв извршен директор | од 28.02.2014 година до 28.02.2018 година | 2.561 | 12 | - | - | - | **2.573** |
| Матеј Ферлан | Неизвршен член на Одборот на директори | од 01.03.2015 година | - | - | - | 263 | 82 | **345** |
| Дарко Поповски | Неизвршен член на Одборот на директори | од 01.03.2015 година | - | - | - | - | 38 | **38** |
| Љубе Рајевски | Независен неизвршен член на Одборот на директори | Од 02.03.2018 година | - | - | - | 220 | 41 | **261** |
| Блаж Кметец | Независен неизвршен член на Одборот на директори | од 04.12.2013 година | - | - | - | 263 | 82 | **345** |
| **Вкупно** | | | **16.975** | **160** | **28** | **746** | **280** | **18.189** |

*Во текот на 2018 година, Друштвото има трошоци за животно осигурување за извршните членови на Одборот на директори со осигурителна премија од 160 илјади МКД.
** Други видови на надомести се однесуваат на надомест на авионски карти, хотелски услуги и останати патни трошоци поврзани со одржување на седниците на Одборот на директори.
*** На крајот на 2018 година прокнижена е аконтација за награди за деловна успешност за Ѓорѓе Војновиќ во износ од 930 илјади МКД и за Рок Пивк во износ од 997 илјади МКД, кои ќе бидат исплатени во мај 2019 година.

## 4. Акционерски капитал и акционери на Друштвото

Акционерскиот капитал на Друштвото на 31 декември 2018 година го сочинуваат 60.184 обични акции со вкупна номинална вредност од 3.009.200 Евра. Номиналната вредност по акција изнесува 50 Евра. Акциите се регистрирани и се водат во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија како обични акции. Акциите на сопствениците им даваат право на глас на седниците на Собранието на акционери. Еден глас на седниците на Собранието на акционери се добива како еквивалент на една обична акција. Акцијата е издадена во нематеријален облик со ISIN код MKVROS101016.

| **Акционерска структура на 31 декември 2018** | **Вкупно** | **Домашни** | **Странски** | **Правни лица** | **Физички лица** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на акции | 60.184 | 11.643 | 48.541 | 48.404 | 11.780 |
| Број на акционери | 67 | 57 | 10 | 2 | 65 |
| Број на акции - учество | 100% | 19,35% | 80,65% | 80,43% | 19,57% |
| Број на акционери - учество | 100% | 85,07% | 14,93% | 2,99% | 97,01% |

Во продолжение се прикажани десетте најголеми акционери во Триглав Осигурување АД Скопје. Најголемиот акционер - Триглав ИНТ - во периодот од 01 јануари 2018 до 31 декември 2018 го зголеми своето учество во акционерскиот капитал на Друштвото за 0,41 процентни поени, односно од 79,94% на 80,35%.



## 5. Деловно опкружување

### 5.1 Општо деловно опкружување и влијание на околината врз работењето на Друштвото

А) Политички аспект

По распадот на Југославија во 1991 година и прогласувањето на независност во 1991 година, Македонија беше формирана како република со парламентарна демократија и политички систем поделен на законодавна, извршна и судска власт. Парламентот, составен од 120 пратеници, е централна и најзначајна институција на државната власт. Согласно уставот, Парламентот е претставничкото тело на граѓаните, избрано на општи и непосредни избори со мандат од 4 години и на истиот му е доверена законодавната власт во Р. Македонија. Владата се избира од страна на Парламентот на Р. Македонија со мнозинство од пратеничките гласови и за својата работа одговара пред Парламентот. Покрај Владата, извршна власт поседува и Претседателот на државата кој ја претставува Републиката и е врховен командант на вооружените сили. Претседателот се бира на ошти и непосредни избори со мандат од 5 години и може да служи најмногу 2 мандати.

Политичкиот ризик во Македонија е релативно висок. Во текот на својата кратка историја како независна држава, Македонија постојано се соочува со нестабилност и проблеми кои остануваат нерешени до денес. Иако кандидат за влез во Европската Унија од 2005 година, спорот со Грција во врска со името на државата ги блокира аспирациите на Македонија кон патот на евроатланските структури. Изгледите Македонија во блиска иднина да стане рамноправна членка на ЕУ се сведени на минимум.

Независноста и компетентноста на судството е дополнителен проблем во државата. Законските измени за усогласување со европската регулатива е засенета со се поголемиот впечаток на селективна правда. Корупцијата останува висока во многу области и продолжува да претставува сериозен проблем.

Недостаток на дијалог и континуирана поделба између политичките партии доведува до состојба на постојана криза. Главните партии не вложуваат доволно напори за конструктивен дијалог во интерес на електоратот и државата во целина. Ваквиот впечаток се потврди и со скандалот кој се однесуваше на учество на Владата во нелегални прислушкувања, изборни измами и мешање во судската власт. Скандалот повеќе од две години предизвикуваше турбуленции на политичката сцена и доведе до оставки на неколку министри. Преговорите за излез од кризата резултираа со Пржинскиот договор согласно кој требаше да се одржат предвремени парламентарни избори во Април 2016. До истите не дојде поради непочитување на обврските од договорот. Последната рунда на преговори под водство на ЕУ доведе до постигнување на нов договор во Јули месец, согласно кој избори се одржаа во декември 2016-та година. Истите беа крајно неизвесни и резултираа со значително намалување на влијанието на ВМРО-ДПМНЕ во парламентот, кои добија 51 од можните 120 пратеници, односно 10 пратеници помалку во однос на изборите од 2014 година. Од друга страна, опозицијата предводена од Социјал Демократскиот Сојуз на Македонија (СДСМ) освои 49 пратеници, што претставува за 15 пратеници повеќе во однос на изборите од 2014 година. Останатите 20 места беа поделени помеѓу албанските партии, предводени од ДУИ со 10 пратеници (2014:19), Беса со 5 (2014:0), Алијансата за Албанците со 3 (2014:0) и ДПС со 2 места (2014:7). По изборите, преговорите одеа тешко и беа проследени со низа тензии и обвинувања. Кон крајот на мај 2017-та година, СДСМ и неколку албански партии предводени од ДУИ успеаа да се договорат околу формирањето на нова влада. Во Собранието истата беше избрана со подршка од 62 пратеници. Програмата на новата влада е базирана на неколку столбови између кои е зајакнувањето на владеење на правото и демократијата, интеграција во ЕУ и НАТО, развој на економијата и подобрување на животниот стандард.

Во текот на 2018 година македонската и грчката влада ги интензивираа преговорите околу спорот со името и постигнаа договор со кој ги надминаа разликите. Договорот беше предмет на референдумско гласање на 30 септември, кое заврши неуспешно поради недоволен цензус (недоволен одзив на граѓаните). Сепак, имајќи го предвид значајниот број на граѓани кои гласаа во полза на договорот, Владата продолжи со импементација на одредбите од договорот преку Парламентот, каде со двотретинско мнозинство договорот беше усвоен, со што и официјално се стави крај на спорот и се отворија вратите кон евроатланските интеграции.

Б) Економски аспект

По солидните економски движења во 2014 и 2015 година (раст на БДП од 3,5% и 3,7%), стапката на пораст во 2016 година забави. Согласно официјалните податоци на Државниот завод за статистика, стапката на раст на бруто-домашниот производ (БДП) во 2016 година изнесува 2,9%, додека во 2017 0%.

Во првото тромесечје од 2018 година реалната стапка на раст беше минимална (0,1%), по што следеше релативно подобар втор и трет квартал со раст од 3,1% и 3%. Севкупно гледано, учинокот е слаб и претставува намалување во однос на домашните (НБРМ, Влада на Р.М) и надворешни (ММФ, Светска банка) очекувања.

Од поединечни компоненти, во 2018 година позитивен допринос кон растот имаат извозот со раст од околу 12% и финалната потрошувачка (домаќинства и јавна потрошувачка) со раст од 3%. Сепак, овие поволни поместувања беа неутрализирани од страна на бруто-инвестициите кои опаднаа за 8,5%, воглавно поради успорувањето на државните инфраструктурни проекти.

Анализата по сектори укажува на фактот дека придвижувачи на растот во 2018 година е секторот Услужни дејности со раст од 20% и секторот Трговија со раст од 10%. Градежништвото, кое беше движечка сила зад растот во минатите години, забележа пад од 8% и е главната причина за нискиот раст на БДП.

Во однос на проекциите на Народната Банка на Република Македонија, растот е понизок од првичните очекувања, а како главна причина се наведуваат неекономските фактори поврзани со политичките движења во земјата кои и понатаму ја зголемуваат неизвесноста околу економските остварувања и нивната натамошна проекција. Во однос на состојбата на економијата во 2019 година, тешко е да се даде прецизна проценка, што во еден дел се должи ограничениот обем на расположливи високофрекфентни податоци. Сепак, имајќи ја во предвид стабилизацијата на политичката состојба и јакнење на довербата меѓу економските субјекти, можеме да очекуваме подобрување на економската ситуација.

| **МКД ‘000** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | **Проектирано** | |
| БДП (реална стапка на раст %) | 2,3% | -0,5% | 2,9% | 3,6% | 3,9% | 2,9% | 0,0% | 1,6%* | 3,0%* |
| Инфлација ( просек, на кумулативна основа %) | 3,9% | 3,3% | 2,8% | -0,3% | -0,3% | -0,2% | 1,4% | 1,6% | 2% |
| Стапка на невработеност % | 31,4% | 31% | 29% | 27,6% | 26,1% | 23,7% | 22,4% | 21,5% | 21,2% |

*Извор: Народна Банка на Република Македонија, Министерство за финансии на Р. Македонија*
*ММФ

***Инфлација и каматни стапки***

По тригодишна дефлација, во 2017 година Македонија забележа нагорен тренд на цените (1,4%).

Растот на цените продолжи и во 2018 година (инфлација од 1,5% заклучно со ноември), а најголем допринос кон растот имаше базичната инфлација, додека енергетската компонента остана релативно стабилна.




*Извор: Народна банка на Р.М*

Каматните стапки за депозитите продолжија да опаѓаат и во 2018 година (пад од 0,4 процентни поени во однос на 2017 година). Каматните стапки на државните обврзници, по релативно стабилното ниво кое го имаа во 2016 година, во 2017 и 2018-та година значително опаднаа. Заклучно со декември 2018 година, каматните стапки на денарските должнички инструменти се движеа од 0,9% (2017:1,85%) за 12-месечни државни записи без девизна клаузула, до 2,9% (2017:3,8%) за 15-годишни државни обврзници со девизна клаузула.

| Рочност | Државни обврзници без девизна клаузула | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12 М | 2 Г | 3 Г | 5 Г | 10 Г | 15 Г |
| **2013** | 3,60% | 4,00% | 4,35% | 5,35% | / | / |
| **2014** | 1,70% | 2,20% | 3,65% | 2,9% | 3,8% | / |
| **2015** | 2,50% | 2,20% | / | / | 3,8% | / |
| **2016** | 2,60% | 2,80% | / | / | 3,9% | / |
| **2017** | 1,85% | 2,10% | 2,35% | / | / | / |
| **2018** | 0,90% | 1,30% | 1,50% | 2,0% | / | 3,4% |

| Државни обврзници со ЕУР валутна клаузула | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12 М | 2 Г | 3 Г | 5 Г | 10 Г | 15 Г |
| 3,40% | 4,65% | 4,60% | / | | / |
| / | / | 2,70% | 4,50% | 4,50% | / |
| 1,50% | / | / | 3,50% | 400% | / |
| 2,50% | / | / | 3,70% | 4,30% | / |
| 1,75% | / | / | / | 3,80% | / |
| 0,90% | 0,90% | / | / | / | 2,90% |

*Извор: Министерство за финансии*

### *Јавен долг*

Согласно општо прифатената методологија Р. Македонија спаѓа во групата на средно задолжени земји. Властите го одржаа јавниот дефицит на 3,5% од БДП во 2015 година, намалувајќи ги споредено со 2014 година, кога беше остварен дефицит од 4,2% од БДП. Јавниот дефицит е дополнително намален во 2016 година и изнесува 2,7% од БДП, исто како и во 2017 година (дефицит: 2,7%).

Вкупниот јавен долг заклучно со третиот квартал во 2018 изнесува 48,2%. ММФ предупредува дека на среден рок, без преземање на мерки, фискалниот дефицит ќе се движи околу 3,5%, а јавниот долг ќе достигне 55% од БДП. Фондот предлага Владата да започне со мерки кои би го свеле дефицитот на 2% од БДП, како би оставила простор за реалција во случај на зголемување на ризиците во економијата. Оваа препорака е прифатена од страна на Владата која во најновата фискална стратегија (2018-2020) планира да го намали буџетскиот дефицит од 2,7% во 2017 на 2,3% во 2020 година.




*Извор: Министерство за финансии*

В) Социјален аспект

Во Република Македонија живеат 2.071.278 жители, кои се различни по својата етничка, верска и културна припадност. Македонците претставуваат мнозинство во државата со 64% од вкупното населени, следни се Албанците со 25%, Турците со 4% и Ромите со 2,7%. Просечниот годишен раст на населението во земјата од втората половина на 20-тиот век до денес континуирано се намалува, од 26,3 промилиони во 1948 година на 1,3 промилиони во 2015 година. Ваквите податоци ја сместуваат Македонија меѓу земјите со низок раст на население, како што се и поголемиот дел од земјите во Европа. Покрај тоа, согласно Еуростат фактичкото население дополнително е намалено за најмалку 230 000 граѓани кои имигрираа во земјите од Европската Унија во периодот од 1998 до 2011 година.

Табела: Етничка структура на населението

| | Година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Националност** | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991 | 2002 | % |
| Македонци | 860.699 | 1.000.854 | 1.142.375 | 1.279.323 | 1.328.187 | 1.297.981 | 64,2 |
| Албанци | 162.524 | 183.108 | 279.871 | 377.208 | 441.987 | 509.083 | 25,2 |
| Турци | 203.938 | 131.481 | 108.552 | 86.591 | 77.080 | 77.959 | 3,8 |
| Роми | 20.462 | 20.606 | 24.505 | 43.125 | 52.103 | 53.879 | 2,7 |
| Срби | 35.112 | 42.728 | 46.465 | 44.468 | 42.775 | 35.939 | 1,8 |
| Власи | 8.668 | 8.046 | 7.190 | 6.384 | 7.764 | 9.695 | 0,5 |
| Босанци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.018 | 0,8 |
| Останато | 13.111 | 19.180 | 38.350 | 72.037 | 84.086 | 20.993 | 1,0 |
| **Вкупно** | **1.304.514** | **1.406.003** | **1.647.308** | **1.909.136** | **2.033.982** | **2.022.547** | **100** |

Граѓаните со 65 и повеќе години претставуваат 12,3% од вкупното населени во земјата. Податоците покажуваат дека населението во државата е под влијание на процесот на демографско стареење, односно анализата на старосната структура укажува на трендот на намалување на бројот на младо население. Ваквите движења се особено интересни доколку се погледаат на ниво на општини, региони или пак националности. Имено, во 29 општини, старото население учествува со повеќе од 13%, од кои во 26 општини учеството е измеѓу 20 и 30% (општини претежно населени со етнички Македонци). Од друга страна, во 20 општини младото население учествува со повеќе од 33% во вкупното население (општини претежно населени со етнички Албанци).

Македонија спаѓа во земјите со најнизок животен стандард во Европа. Куповната моќ на населението изнесува околу 37% од просекот во Европската Унија. Во исто време, доходот е крајно нееднакво дистрибуиран, односно разликата помеѓу најбогатото и најсиромашното население во државата, мерено преку GINI индексот, е една од највисоките во Европа. Сепак, во последните неколку години забележан и извесен напредок, особено во поглед на бројот на сиромашно население. Имено, гледано преку Лаекен индексот, сиромашното население во Р.Македонија се намали од 27,3% во 2010 година на 22,1% во 2014 и 21,5% во 2015 година. Во 2016 и 2017 година Лаекен индексот повторно порасна на 21,9% и 22,2%.

**Влијание на економското опкружување врз работењето на Друштвото**

Слабата домашна потрошувачка, големата невработеност, како и ниската куповна моќ на населението, имаа свое влијание и врз работењето на Друштвото кое се рефлектираше врз нивото на остварената премија, остварениот технички резултат кај пооделни осигуреници, како и врз остварениот технички резултат по пооделни класи на осигурување.

### 5.2 Осигурителен пазар

Осигурителниот пазар во Р. Македонија го сочинуваат 16 (шеснаесет) осигурителни друштва, од кои 11 (единаесет) друштва исклучиво работат неживотно осигурување, а 5 (пет) друштва работат исклучиво животно осигурување. Исто така, 1 (една) компанија, покрај работи на неживотно осигурување, има дозвола за вршење работи на реосигурување.

Осигурителниот пазар во Р. Македонија го сочинуваат исто така 35 (триесет и пет) осигурително брокерски друштва и 11 (единаесет) друштва за застапување во осигурување.

Осигурителната индустрија е најмалку развиениот сегмент на финансискиот сектор на Р. Македонија. Во структурата на финансискиот сектор, осигурителната индустрија учествува со нешто повеќе од 3%, а степенот на густина изнесува околу 71 Евра осигурителна премија по глава на жител. Нивото на премија по жител е далеку од просекот во Европската Унија (2000 евра), но е близок до просекот во балканските држави. Податоците за нивото на пенетрација на осигурувањето покажуваат дека вкупната БПП во земјата учествува од околу 1,5% во БДП.

Друштвата за осигурување во Р.Македонија се во доминантна сопственост на странски правни и физички лица од финансискиот сектор (92%), кои се делумно или целосно присутни во 15 (петнаесет) од вкупно 16 (шеснаесет) друштва за осигурување на пазарот. При тоа 10 (десет) друштва за осигурување се дел од осигурителните групации со седиште во земји членки на ЕУ, додека само едно друштво за осигурување е во целосна сопственост на домашни инвеститори.

Основна карактеристика на осигурителниот пазар во Р. Македонија, исто така, е релативно високата пазарна концентрација. Особено висока концентрација присутна е кај осигурување на живот и реосигурување, а причина за тоа е малиот број на друштва во овој домен на работење. Во овој период 3 (три) осигурителни компании за неживотно осигурување остваруваат над 10% од вкупната остварена БПП на пазарот на неживотно осигурување.

Анализирано по групи на осигурување, кај неживотно осигурување заклучно со третиот квартал од 2018 година остварена е БПП во износ од 6.3 милијарди МКД (Q3,2017: 5.9 милијарди МКД), или пораст од 8%. Истата изнесува 85% од вкупната БПП премија на осигурителниот сектор. Од друга страна, во групата на осигурување на живот остварена е БПП во износ од 1.1 милијарди МКД (Q3,2017: 0,9 милијарди МКД) што претставува пораст од 16%. Истата изнесува 15% од вкупната БПП премија.

Од дозволените дистрибутивни канали, најголемо учество во вкупно бруто полисираната премија зазема директната продажба со 57% (Q3, 2017:57%), следено од продажбата преку осигурителни брокерски друштва со 24% (Q3, 2017:21%) и продажба преку застапници во осигурување со 10% (Q3, 2017:12%).

Кај поединечните класи на осигурување нема значително отстапување во однос на структурата на вкупната бруто полисирана премија, со тоа што и понатаму најзначајна категорија е задолжителното осигурување од автоодговорност (АО) со учество од 52% (Q3,2017: 53%), осигурување на имот со 13,5% (Q3,2017: 13,2%) и каско осигурување со 9,5% (Q3,2017: 9,8%).

Во продолжение се прикажани друштвата кои имаат дозвола за вршење на работи од областа на осигурување во Р. Македонија:

**Друштва за неживотно осигурување:**

- Триглав Осигурување АД, Скопје;
- ВИНЕР- Виена Иншуренс Груп;
- Осигурување Македонија АД - Виена Иншуренс Груп;
- Сава Осигурување АД ,Скопје;
- Евроинс Осигурување АД, Скопје;
- Еуролинк, Скопје;
- Инсиг Македонија, АД Скопје;
- Уника, Скопје;
- Осигурителна полиса, АД Скопје;
- Нова (претходно Албсиг);
- Кроација Осигурување - неживот, Скопје

**Друштва за животно осигурување:**

- Кроација Осигурување, Скопје;
- Граве Осигурување, Скопје;
- Винер Лајф – Виена順 Иншуренс Груп;
- Уника Лајф АД Скопје;
- Триглав Осигурување Живот АД, Скопје.

Во прилог е преглед на пазарно учество на осигурителните субјекти во делот на неживотно осигурување во Р. Македонија заклучно со 30 септември 2018 година, пресметано врз основа на бруто полисирана премија.

| | Пазарно учество–неживот 30 септември 2018 | Пазарно учество-неживот 30 септември 2017 |
|---|---|---|
| Триглав | 18,10% | 17,54% |
| Евролинк | 13,28% | 11,63% |
| Осигурување Македонија | 11,63% | 11,97% |
| Сава осигурување | 9,59% | 10,23% |
| Винер осигурување | 9,14% | 10,19% |
| Уника | 8,83% | 9,27% |
| АД Осигурителна полиса | 8,14% | 8,93% |
| Евроинс | 7,92% | 7,30% |
| Кроација Осигурување - неживот | 5,06% | 5,30% |
| Нова | 4,26% | 4,16% |
| Инсиг | 4,05% | 3,47% |

Триглав Осигурување АД, Скопје заклучно со 30 септември 2018 година, во делот на бруто полисираната премија, на пазарот на неживотно осигурување во Р. Македонија оствари учество од 18,10% или раст од 0,56 процентни поени. Со тоа, Триглав Осигурување АД, Скопје ја задржа водечката позиција на пазарот.

# 6. Работење во периодот на известување

## 6.1 Остварена бруто премија

Триглав Осигурување АД Скопје во деловната 2018 година оствари бруто премија во износ од 1.425.495 илјади МКД. Во однос на истиот период претходната година, остварената бруто премија бележи раст за 9%.




Во продолжение следува преглед на остварената бруто премија по класи на осигурување.

| МКД ‘000 | Кл. | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 | План 2018 | Индекс 3/4 | Индекс 3/5 | Структура 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Осигурување од незгода | 1 | 100.060 | 120.210 | 113.573 | 83 ↓ | 88 ↓ | 7% |
| Здравствено осигурување | 2 | 47.139 | 28.522 | 33.931 | 165 ↑ | 139 ↑ | 3% |
| Осигурување на копнени моторни возила | 3 | 168.367 | 169.109 | 176.584 | 100 ↖ | 95 ↓ | 12% |
| Осигурување на воздухоплови | 5 | 18.068 | 18.235 | 18.235 | 99 ↘ | 99 ↘ | 1% |
| Осигурување на пловни објекти | 6 | 309 | 364 | 372 | 85 ↓ | 83 ↓ | 0% |
| Осигурување на стока во превоз | 7 | 20.900 | 18.236 | 21.518 | 115 ↑ | 97 ↘ | 1% |
| Осигурување од пожар и елементарни непогоди | 8 | 104.890 | 91.279 | 103.934 | 115 ↑ | 101 ↗ | 7% |
| Останато осигурување на имот | 9 | 229.559 | 181.362 | 207.919 | 127 ↑ | 110 ↑ | 16% |
| Осигурување од одговорност за употреба на моторни возила | 10 | 600.754 | 578.441 | 597.600 | 104 ↗ | 101 ↗ | 42% |
| Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови | 11 | 2.581 | 2.581 | 2.581 | 100 ↖ | 100 ↖ | 0% |
| Осигурување од одговорност за употреба на пловила | 12 | 466 | 465 | 467 | 100 ↖ | 100 ↖ | 0% |
| Осигурување општа одговорност | 13 | 35.964 | 38.863 | 35.686 | 93 ↓ | 101 ↗ | 3% |
| Осигурување на кредити | 14 | 3.523 | 338 | 11.692 | 1042 ↑ | 30 ↓ | 0% |
| Гаранции | 15 | 101 | 114 | 189 | 89 ↓ | 53 ↓ | 0% |
| Осигурување разни финансиски губитоци | 16 | 51.587 | 27.314 | 28.816 | 189 ↑ | 179 ↑ | 4% |
| Патничко осигурување | 18 | 41.225 | 37.214 | 38.152 | 111 ↑ | 108 ↑ | 3% |
| **Вкупно** | | **1.425.495** | **1.312.647** | **1.391.250** | **109** ↑ | **102** ↗ | **100%** |

## Коментари по одделни класи на осигурување

Во 2018 година беа остварени следниве премиски резултати:

- Индекс на БПП 2018 / БПП 2017 = 109
- Индекс на БПП 2018 / План 2018 = 102

Триглав Осигурување АД Скопје има добиено дозвола за работење во 18 (осумнаесет) класи во делот на неживотно осигурување. Од нив, Друштвото во 2018 година работеше во 16 (шеснаесет) класи.

Од 16 (шеснаесет) класи на осигурување, во 9 (девет) од нив се забележа пораст на премијата во однос на реализираната премија во истиот период во 2017 година, односно во следниве класи:

- Класа 2 (Здравствено осигурување)
- Класа 7 (Осигурување на стока во превоз)
- Класа 8 (Осигурување од пожар и елементарни непогоди)
- Класа 9 (Останати имотни осигурувања)
- Класа 10 (Осигурување од одговорност за употреба на моторни возила)
- Класа 12 (Осигурување од одговорност за употреба на пловила)
- Класа 14 (Осигурување на кредити)
- Класа 16 (Осигурување разни финансиски губитоци) и
- Класа 18 (Патничко осигурување).

Од друга страна, во 6 (шест) класа на осигурување се оствари помала реализирана премија во однос на 2017 година, односно во:

- Класа 1 (Осигурување од незгода)
- Класа 3 (Осигурување на копнени моторни возила)
- Класа 5 (Осигурување на воздухоплови)
- Класа 6 (Осигурување на пловни објекти)
- Класа 13 (Осигурување општа одговорност)
- Класа 15 (Гаранции)

## Коментари по одделни класи на осигурување

*Класа 1 - Осигурување од незгода*

Заклучно со 31 декември 2018 година, остварен е индекс од 83 во однос на реализацијата од истиот период претходната година. Во споредба со планираниот износ, индексот за оваа класа е 88.

Падот на премија воглавно е резултат на преминот на менаџерското осигурување со една голема компанија во друштвото Триглав Живот.

*Класа 2 – Здравствено осигурување*

Здравственото осигурување е релативно нов производ во портфолиото на Триглав Осигурување АД, Скопје. И покрај тоа, истото постана значаен дел од понудата на Друштвото и во текот на 2018-та забележа значителен раст од 65% во однос на минатата година.

Причина за подобрата реализација е воглавно резултат на прифатените понуди од страна на неколку компании за здравствено осигурување на сите нејзини работници.

За време на 2018 година беа спроведени неколку акции за презентација на производот со компании кои претставуваат наши клучни клиенти и како резултат на тоа очекуваме уште подобри перформанси во наредниот период.

*Класа 3 - Осигурување на копнени моторни возила*

Во оваа класа на осигурување, друштвото има остварено индекс од 100 во однос на истиот период претходната година и 95 во однос на планот за овој период.

Заклучно со 31 декември 2018 година, Триглав успеа да го обнови поголемиот дел од своето портфолио. Падот на премија во однос на планот во најголем дел се должи на одлуката со која Друштвото ги намали комерцијалните попусти, а со што и директно се намали бруто полисираната премија.

Ситуацијата на пазарот во врска со продажбата на нови возила останува незавидна.

*Класа 5 – Осигурување на воздухоплови*

Во оваа класа беше добиен тендер организиран од страна на Министерството за внатрешни работи со важност од 2 години. Вкупната премија изнесува околу 20,8 милиони МКД, од кои околу 18 милиони МКД припаѓаат во оваа класа.

*Класа 7 - Осигурување на стока во превоз*

Во оваа незадолжителна класа на осигурување остварениот индекс е 115 во однос на истиот период претходната година и 97 во однос на планот.

Во текот на 2018-та година успеавме да го задржиме поголемиот дел од нашите клиенти.

*Класа 8 - Осигурување од пожар и елементарни непогоди*

Остварениот индекс во споредба со претходната година изнесува 115, додека во однос на планот индексот е 101.

Подобриот резултат се должи на повисоката премија која е реализирано со неколку големи постоечки клиенти.

*Класа 9 - Останато осигурување на имот*

Остварениот индекс во споредба со претходната година и со планот изнесува 127 и 110 соодветно.

Најголема причина за отстапувањето од планот и реализацијата во минатата година е резултат на зголемената премија кај земјоделското осигурување за 18 милиони мкд (2018: 88 мил.МКД vs 2017: 70 мил.МКД).

Дополнително, остварена е и значајна премија во износ од 35 милиони МКД со компанија од областа на рударството.

*Класа 10- Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила*

Во оваа класа беше остварен индекс од 104 во споредба со истиот период претходната година. Остварениот индекс во однос на планот изнесува 101. Повисоката премија во однос на минатата година (за околу 22 милиони МКД) воглавно произлегува од подобрите перформанси на екстерната мрежа (зголемена реализација од 28 милиони МКД).

*Класа 11 - Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови*

Во оваа класа беше добиен тендер организиран од страна на Министерството за внатрешни работи со важност од 2 години. Вкупната премија изнесува околу 20,8 милиони МКД, од кои околу 2,6 милиони МКД припаѓаат во оваа класа.

*Класа 13 - Осигурување општа одговорност*

Оваа класа со индекс од 93 споредено со реализацијата од претходната година и индекс од 101 споредено со планот.

Иако полека Државата ја воведува оваа класа како задолжителна обврската за поседување на полиса од одговорност кај неколку дејности, сепак се работи за многу мали премии и секако ќе биде потребно време како би се очекувала поголема премија во оваа класа на осигурување.

*Класа 16 - Осигурување на разни финансиски губитоци*

Реализираниот индекс од 189 (поголема премија за 24 милиони МКД) и 179 (поголема премија за 23 милиони МКД) во споредба со минатата година и планот е воглавно резултат на повисоките остварени премии со неколку постоечки клиенти, како и нова премија со компанија од областа на рударството.

Во оваа класа клиентите се претежно компании со странски капитал и обично се работи за фронтинг договори кои не влијаат на нето-премијата. Кај компаниите со домашен капитал интересот за ваков вид на осигурување е прилично слаб.

*Класа 18 - Патничко осигурување*

Во оваа класа остварена е зголемена реализација во однос на минатата година (од 4 милиони МКД) и во однос на планот (од 3 милиони МКД). Причината за добрата реализација се должи на премијата на поголемата продуктивност на сите организациони единици.

Во продолжение следува преглед на бројот на склучени полиси по класи на осигурување.

| **Класа на осигурување** | **31 декември 2018** | **31 декември 2017** | **Индекс 2/3** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| Осигурување од незгода | 60.533 | 56.542 | 107 |
| Здравствено осигурување | 2.734 | 1.228 | 223 |
| Осигурување на копнени моторни возила | 7.561 | 7.361 | 103 |
| Осигурување на воздухоплови | 6 | 7 | 86 |
| Осигурување на пловни објекти | 6 | 5 | 120 |
| Осигурување на стока во превоз | 653 | 500 | 131 |
| Осигурување од пожар и елементарни непогоди | 7.506 | 18.862 | 40 |
| Останато осигурување на имот | 16.886 | 20.549 | 82 |
| Осигурување од одговорност за употреба на моторни возила | 104.248 | 100.366 | 104 |
| Осигурување од одговорност за употреба на воздухоплови | 6 | 6 | 100 |
| Осигурување од одговорност за употреба на пловила | 81 | 81 | 100 |
| Осигурување општа одговорност | 5.135 | 4.853 | 106 |
| Кредити | 13 | 3 | 433 |
| Гаранции | 13 | 19 | 68 |
| Осигурување разни финансиски губитоци | 122 | 110 | 111 |
| Патничко осигурување | 58.845 | 51.212 | 115 |
| **Вкупно** | **264.348** | **261.704** | **101** |
| **Корекција за договори за авто-незгода, каско- незгода, автоодговорност-стакла** | (69.522) | (55.863) | 90 |
| **Вкупно** | **194.826** | **205.841** | **106** |

## 6.2 Ликвидирани штети

Во деловната 2018 година, ликвидирани се штети во износ од 679.800 илјади МКД, што претставува зголемување за 14% во однос на истиот период на претходната година.




| МКД ‘000 | Кл. | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 | План 2018 | Индекс 3/4 | | Индекс 3/5 | | Структура 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | | 7 | | 8 |
| Осигурување од незгода | 1 | 74.246 | 76.308 | 69.255 | 97 | | 107 | | 11% |
| Здравствено осигурување | 2 | 13.969 | 4.692 | 6.511 | 298 | | 215 | | 2% |
| Осигурување на копнени моторни возила | 3 | 126.911 | 136.202 | 109.511 | 93 | | 116 | | 19% |
| Осигурување на стока во превоз | 7 | - | 703 | 2.000 | | | | | |
| Осигурување од пожар и елементарни непогоди | 8 | 15.666 | 13.635 | 10.888 | 115 | | 144 | | 2% |
| Останато осигурување на имот | 9 | 129.011 | 97.310 | 120.487 | 133 | | 107 | | 19% |
| Осигурување од одговорност за употреба на моторни возила | 10 | 308.358 | 262.573 | 283.699 | 117 | | 109 | | 45% |
| Осигурување од одговорност за употреба на воздухоплови | 11 | 207 | 82 | 13.756 | 252 | | 2 | | 0% |
| Осигурување од општа одговорност | 13 | 915 | 2.207 | 5.182 | 41 | | 18 | | 0% |
| Осигурување на кредити | 14 | 1.176 | - | - | - | - | - | - | 0% |
| Осигурување разни финансиски губитоци | 16 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Патничко осигурување | 18 | 9.341 | 4.783 | 7.944 | 195 | | 118 | | 1% |
| **Вкупно** | | **679.800** | **598.495** | **629.233** | **114** | | **108** | | **100%** |

## Коментари по одделни класи на осигурување

*Класа 1 - Осигурување од незгода*

Во оваа класа реализација во споредба со минатата година и планот е 97 и 107.

Разликата во однос на минатата година е воглавно резултат на послабата ликвидација за несреќи предизвикани од лизгање (2018: 14.5 милиони МКД vs 2017: 23 милиони МКД)

Во резервација има околу 8.2 милиони МКД, од кои 2.6 милиони се судски спорови, додека останатите се без комплетирана документација.

*Класа 2 – Здравствено осигурување*

Во оваа класа реализација во споредба со минатата година и планот е 298 и 215.

Причината за зголемената ликвидација во класата за здравствено осигурување се должи на растот на премијата од една страна, и на проширеното покритие на осигурувањето од друга страна.

*Класа 3 - Осигурување на копнени моторни возила*

Во оваа класа имаме пониска реализација од минатата година (индекс 93), додека во однос на планот за годинава реализацијата е на повисоко ниво (индекс 116).

Растот во однос на планот е поради неколку ликвидирани штети во поголеми износи.

Заклучно со 31 декември 2018 година во резервација има вкупно 37.2 милиони МКД, од кои 34.5 милиони МКД се во вонсудска постапка и истите не се ликвидирани поради недостаток на документација.
.

*Класа 8 - Осигурување од пожар и елементарни непогоди*

Во оваа класа реализацијата е повисока споредено со минатата година (индекс од 115) и планот (индекс од 144).

Растот во однос на планот е поради неколку ликвидирани штети во поголеми износи.

Заклучно со 31 декември 2018 година, во резервација се штети во износ од 17 милиони МКД, од кои 12.5 милиони сеуште не се ликвидирани поради недостаток на документација.

*Класа 9 - Останато осигурување на имот*

Во оваа класа постои поголема реализација во однос на минатата година (индекс од 133), додека истата е пониска во однос на планот (индекс од 107).

Заклучно со 31 декември 2018 година, ликвидацијата по основ на посеви и плодови изнесува 88.4 милиони МКД, додека во истиот период минатата година изнесуваа 60.4 милиони МКД.

*Класа 10- Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила*

Во оваа класа, реализацијата во споредба со претходната година е 117, а во однос на планираното ниво е 109.

Во согласност со растот на премијата, имаме и пораст на штетите, односно во 2018 се ликвидирани новопријавени штети на износ од 165 милиони МКД (2017:146 милиони МКД).

*Класа 11- Осигурување од одговорност за употреба на воздухоплови*

Не дојде до очекуваната ликвидација за една штета во износ од 13.7 милиони МКД која се уште е во судска постапка пред Врховен суд.

*Класа 13- Осигурување од  општа одговорност*

Разликата од приближно 4.3 милиони МКД (индекс од 18) во споредба со планот е поврзана со 2 релативно големи штети чија ликвидација се планираше во 2018 година, но истите беа ликвидирани при крајот на 2017 година.

Поради фактот што во оваа класа обично има мал број на штети, тешко е да се предвиди движењето на ликвидацијата во текот на годината и оттаму, можноста за девијација од планот е прилично голема.

Заклучно со 31 декември 2018 година, во резервација се штети во износ од 6.2  милиони МКД, од кои две штети се во позначајни износи (1.4 милиони и 1.1 милион МКД).

*Класа 14- Осигурување на кредити*

Во месец декември е ликвидирана првата штета во оваа класа на износ од 1.1 милион МКД. Само 5% од оваа штета е во рамки на нашиот самопридржај, додека остатокот е обврска на реосигурителот.

*Класа 18- Патничко осигурување*

Зголемената реализација во споредба со минатата година (индекс од 195) се должи на неколку релативно големи штети по основ на трошоци за лекување. Растот на штетите е исто така рефлексија и на растот на премијата од 11%

Во резервација се штети во износ од 7,8 милиони МКД, од кои 2 позначајни на износи од 1.9 и 1.3 милиони МКД.

Во продолжение следува преглед на бројот на ликвидирани штети по класи на осигурување.

| Класа на осигурување | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 | Индекс 2/3 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Осигурување од незгода | 1.920 | 1.769 | 109 |
| Здравствено осигурување | 1.842 | 710 | 259 |
| Осигурување на копнени моторни возила | 1.626 | 1.773 | 92 |
| Осигурување на стока во превоз | | 3 | |
| Осигурување од пожар и елементарни непогоди | 73 | 54 | 135 |
| Останато осигурување на имот | 2.709 | 2.012 | 135 |
| Осигурување од одговорност за употреба на моторни возила | 4.131 | 3.996 | 103 |
| Осигурување општа одговорност | 16 | 29 | 55 |
| Осигурување на кредити | 1 | - | |
| Патничко осигурување | 689 | 510 | 135 |
| **Вкупно** | **13.007** | **10.856** | **120** |

## 6.3 Нето трошоци за спроведување на осигурувањето

Нето трошоците за спроведување на осигурувањето во деловната 2018 година изнесуваат 474.986 илјади МКД што претставува раст од 9% или 40.584 илјади МКД  во однос на истиот период претходната година.




Анализата на нето трошоците за спроведување на осигурувањето за деловната 2018 година, направена е по природни групи на трошоци. Коментарите се однесуваат на оние трошоци каде има значителни отстапувања во однос на претходната година.

| МКД '000 | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 | Индекс 2/3 | Структура 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Трошоци за стекнување** | **239.806** | **206.581** | **116** | **50%** |
| Провизија | 95.713 | 76.250 | 126 | 20% |
| Бруто плати на вработените во внатрешната продажна мрежа | 92.375 | 96.317 | 96 | 19% |
| Останати трошоци за стекнување | 53.132 | 39.751 | 134 | 11% |
| Промена во одложените трошоци за стекнување (+/-) | (1.414) | (5.737) | 25 | 0% |
| **Административни трошоци** | **235.180** | **227.821** | **103** | **50%** |
| Амортизација на материјални средства кои служат за вршење на дејноста | 16.182 | 13.692 | 118 | 3% |
| Трошоци за вработените | 100.084 | 97.693 | 102 | 21% |
| Трошоци за услуги на физички лица кои не вршат дејност (договори за работа, авторски договори и други правни односи) заедно со сите давачки | 965 | 1.050 | 92 | 0% |
| Останати административни трошоци | 117.949 | 115.386 | 102 | 25% |
| **Вкупно** | **474.986** | **434.402** | **109** | **100%** |

**Трошоците за провизија** на осигурување се над реализацијата во споредба со истиот период од претходната година, кое што, се должи на поголемата реализирана премија и наплата од страна на брокерските друштва за преку 30 милиони МКД.

**Останати трошоци за стекнување се зголемени** како резултат на растот на трошоците за маркетинг и репрезентација од 37.565 илјади МКД во 2017, на 51.468 илјади МКД во 2018 година.

**Одложените трошоци за стекнување се зголемени** за 1.414 илјади МКД. Причината за растот во 2018 година се трошоците за прибава кои се одложуваат за наредните периоди (провизија на внатрешна продажна мрежа и брокери, маркетинг трошоци итн.)

**Трошоците за амортизација** се зголемени во однос на претходната година за околу 2.5 милиони МКД, како резултат на дополнителните вложувања за развој на основниот софтвер кој Друштвото го користи.

**Трошоци за услуги на физички лица кои не вршат дејност** се намалени за 8% како резултат на намалениот обем на преведени документи.

**Останатите административни трошоци** се одржани на стабилно ниво (индекс од 102). Минималното зголемување се должи на повисоките издатоци за трошоци за одржување (2018:7.5 милиони МКД, а 2017: 5.1 милиони МКД)

### 6.4 Реосигурување

Премијата за реосигурување во деловната 2018 година во вкупната бруто полисирана премија на осигурување е застапена со 21%. На реосигурување е пренесен износ од 298 милиони МКД. Во однос на претходната деловна година остварено е зголемување на реосигурителното покритие за 74 милиони МКД. Кај фронтинг полисите се забележува зголемување од 64 милиони МКД во однос на минатата година (2018: 228 милиони МКД, а 2017: 164 милиони МКД), додека кај класичното реосигурување имаме раст од 9 милиони МКД (2018: 70 милиони МКД, а 2017: 61 милиони МКД).

### 6.5 Осигурително-технички резерви

Заклучно со 31 декември 2018 година, Триглав Осигурување АД Скопје има оформено 1.248.387 илјади МКД осигурително технички резервации. Вкупниот износ на техничките резервации во однос на состојбата од 31 декември 2017 година е намален за 0,1%, или во апсолутен износ за 813 илјади МКД.

Состојба на пооделни видови на резервации е како што следи:

- Бруто преносните премии на 31 декември 2018 година изнесуваа 596.237 илјади МКД и во однос на состојбата од 31 декември 2017 година се зголемени за 8%. Зголемувањето е резултат на повеќе остварена бруто премија во однос на минатата година.
- Бруто резервации за штети изнесуваа 649.132 илјади МКД и во однос на состојбата од 31 декември 2017 година се намалени за 5%.
- Бруто резервациите за бонуси и попусти на 31 декември 2018 година изнесуваат 3.019 илјади МКД и во однос на состојбата од 31 декември 2017 година се намалени за 82% поради пад на резервите за менаџерско осигурување.

| **МКД ‘000** | **31 декември 2018** | **31 декември 2017** | **Индекс 2/3** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **5** |
| Преносна премија | 596.236 | 550.850 | 108 |
| Резервации за штети | 649.132 | 681.233 | 95 |
| Резервација за бонуси и попусти | 3.019 | 17.116 | 18 |
| **Вкупно** | **1.248.387** | **1.249.199** | **100** |

### 6.6 Структура на финансиските средства

Финансиските средства и вложувања во недвижности на 31 декември 2018 година изнесуваат 1.573.087 илјади МКД, односно се повисоки за 3% во однос на минатата година.

Во структурата на вкупните финансиски средства и вложувања во недвижности најголемо учество остваруваат хартиите од вредност расположиви за продажба 66,7% (2017: 54,4%) потоа следат депозитите во банки и останати пласмани со учество од 27,6% (2017: 39,3%), вложувањата во заеднички контролирани ентитети се на трето место со 5,3% (2017: 5,6%), вложувањата во недвижности имаат учество од 0,1% (2017: 0,4%), додека вложувањата во акции и инвестициони фондови од 0,3% (2017: 0,4%).

| МКД '000 | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 | Индекс 2/3 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Вложувања во недвижности | 1.691 | 5.577 | 30 |
| Акции и инвестициони фондови | 5.343 | 5.399 | 99 |
| Депозити во банки и останати пласмани | 434.225 | 598.568 | 73 |
| Хартии од вредност расположливи за продажба | 1.048.655 | 828.239 | 127 |
| Вложувањата во друштва во група | 83.173 | 85.409 | 97 |
| **Вкупно** | **1.573.087** | **1.523.192** | **103** |

* Во позициите **Депозити во банки и Вложувања во заеднички контролирани ентитети** не се вклучени побарувањата по основ на акумулираните камати (АВР), а кои изнесуваат 5.197 илјади МКД (2017: 3.221 илјади МКД) и 635 илјади МКД (2017: 703 илјади МКД)

Намалувањето на вредноста на вложувањата во недвижности се должи на извршената продажба на седум објекти/апартмани во вкупна продажна вредност од 4.2 милиони МКД. Од извршената продажба беше реализирана капитална добивка во износ од 0.6 милиони МКД.

Во текот на 2017 година Друштвото, заедно со Триглав Инт. (матичното друштво), основаа друштво за животно осигурување – Триглав Осигурување Живот АД, Скопје. Влогот во акционерскиот капитал во новото придружено друштво изнесуваше 1 милион евра, односно 20% од издадените акции, а останатите 80% се сопственост на Триглав Инт.

*Структура на финансиските средства и вложувања на 31 декември 2018 година*



# 7 Финансиски резултат и финансиска положба

## 7.1 Финансиски резултат

Триглав Осигурување АД Скопје во деловната 2018 година оствари нето добивка од работењето во износ од 31.477 илјади МКД, што претставува намалување од 63% во однос на истиот период претходната годината.

- Нето приходите од премија за 2018 година изнесуваат 1.118.165 илјади МКД, кое што претставува зголемување во однос на 2017 година за 3%, односно за 31.876 илјади МКД. Гледано аналитички, причините за зголемувањето се:

  - Раст на бруто премијата за 112.848 илјади МКД, кој делуваше позитивно на нето приходите од премијата;
  - Раст на премијата предадена во реосигурување и соосигурување за 73.636 илјади МКД, кој делуваше негативно на нето премијата.
  - Промената во нето резервите за преносна премија, во споредба со 2017 година, влијаеше негативно за 9.226 илјади МКД.

- Приходите од финансиски вложувања изнесуваат 49.830 илјади МКД и доживуваат пад во однос на истиот период претходната година од 25%. 86% од овие приходи се однесуваат на камати, а 8% се однесуваат на приходи од наемнини. Поголемиот дел од останатите приходи од вложувања произлегуваат од капитални добивки и приходи од дадени стари заеми. Падот во однос на минатата година е пред се резултат на високите приходи кои Друштвото ги реализираше во 2017 по основ на вратени стари заеми, а кои беа под исправка.

- Приходи по основ на провизии од реосигурување се повисоки за 7.183 илјади МКД, односно 30% во однос на 2017 година, што е резултат на растот на премијата предадена во реосигурување.

- Останати приходи на осигурување остварени се во износ од 10.325 илјади МКД и бележат раст од 10%. Овој раст се должи на повисоките приходи по основ на рефундирани регресни побарувања од страна на Националното биро за осигурување.

- Останатите приходи се во износ од 8.536 илјади МКД и бележат пад од 41%. Главна причина за намалувањето е тоа што оваа година имаме пониски приходи по основ на позитивни курсни разлики (2018:296 илјади МКД , а 2017: 2.328 илјади МКД). Дополнително, во 2018 се реализирани и пониски износи на приходи по основ на камати од судски спорови.

Во делот на расходите, Друштвото ги оствари следниве резултати:

- Нето расходите за штети се во износ од 616.886 илјади МКД и споредно со претходната година тоа претставува зголемување за 11% или за 59.558 илјади МКД во апсолутен износ. Растот се должи на фактот што оваа година имавме зголемување на бруто ликвидираните штети за 81.305 илјади МКД. Оваа разлика е делумно неутрализирана со зголемување на учеството на реосигурителот во штетите, како и намалување на самите резерви за штети.
- Останатите технички резерви се за 9.362 илјади МКД намалени поради намалените резервации за менаџерско осигурување (дел од Класата 1 – Осигурување од незгода), додека трошоците за бонуси и попусти се намалени за 9.275 илади МКД спореденo со претходната година поради одлуката за ограничување на употребата на одобрените попусти, главно во класа 3 (Осигурување на копнени моторни возила), како и класите 8 и 9 (Осигурување на имот од пожар и други осигурувања на имот);
- Нето трошоците за спроведување на осигурувањето се разгледани посебно во точка 6.3;
- Трошоци од вложувања се во износ од 2.245 илјади МКД и претставуваат намалување од 23% Намалувањето се должи на понискиот износ на амортизација поради продажба на значаен дел од вложувањата во недвижнини, како и понизок износ на вредносно usогласување/исправка на вложувањето во Триглав Живот поради пониската реализирана загуба на ова друштво годинава.
- Останати осигурително технички трошоци се во износ од 66.495 илјади МКД и ова претставува раст од 2%. Причината за ова е поради тоа што годинава имаме евидентирано

повисоки трошоци за учество во штетите за неосигурени и непознати возила (Национално Биро), како и повисоки трошоци за пожарен придонес.

- Вредносно усогласување на побарувањата е намалено за 7.240 илјади МКД, односно дојде до намалување по основ на исправките на побарувањата за премија. Во последните неколку години е постигнат значителен напредок на ова поле во споредба со претходните години, што е резултат на подобрената наплата.
- Останатите расходи во деловната 2018 година се во износ од 1.906 илјади МКД додека овие трошоци во минатата година изнесуваа 7.841 илјади МКД. Причината за намалувањето е тоа што во текот на 2017 беше извршена резервација за судски спор во поголем износ.

Во продолжение е билансот на успех за годината завршена на 31 декември 2018 и 2017 година.

| **МКД ‘000** | **31 декември 2018** | **31 декември 2017** | **Индекс 2/3** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| Нето заработена премија | 1.118.166 | 1.086.289 | 103 |
| Приход од финансиски имот/средства | 49.830 | 66.103 | 75 |
| Приходи по основ на реосигурување | 31.208 | 24.026 | 130 |
| Останати осигурително технички приходи, намалени за реосигурување | 10.325 | 9.380 | 110 |
| Останати приходи | 8.536 | 14.366 | 59 |
| Нето издатоци за штети | (616.886) | (557.328) | 111 |
| Промена во останати осигурително технички резерви | 9.362 | 2.132 | 439 |
| Издатоци за бонуси и попусти | (35.799) | (45.074) | 79 |
| Нето трошоци за спроведување на осигурувањето | (474.988) | (434.402) | 109 |
| Трошоци од вложувања | (2.245) | (2.923) | 77 |
| Останати осигурително технички трошоци | (66.495) | (65.199) | 102 |
| Вредносно усогласување на побарувањата | 7.240 | 8.181 | 88 |
| Останати расходи | (1.906) | (7.841) | 24 |
| **Резултат од работење пред оданочување** | **36.349** | **97.709** | **37** |
| Данок на добивка | (4.872) | (12.507) | 39 |
| **Нето резултат од работење** | **31.477** | **85.202** | **37** |

### 7.2 Финансиска положба

Билансната сума на Друштвото на 31 декември 2018 година изнесува 2.316.102 илјади МКД, и е за 3% поголема во однос на состојбата на ден 31 декември 2017 година.

**Актива:** Најголемо структурално учество во вкупниот имот на Друштвото остваруваат останатите финансиските средства со 64% и изнесуваат 1.488.223 илјади МКД. Овие вложувања се зголемени за 4%, а причините за тоа се наведени во посебна точка за финансиски средства. Финансиските вложувања во група изнесуваат 83.173 илјади МКД и истите се намалени за 3%, како резултат на намалената вредност на вложувањето во Триглав Осигурување Живот АД, Скопје, поради загубата на ова друштво. По финансиските средства следат побарувањата со структурално учество од 12% во износ од 288.964 илјади МКД. Побарувањата за 2018 година остваруваат пад во однос на претходната година за 4%, а тоа во најголема мера се должи на намалените побарувања од осигурениците по основ на премија, поради подобрената наплата.

Вложувањата во недвижности изнесуваат 1.690 илјади МКД и овие средства во вкупната актива застапени се со 0,1%. Средствата од реосигурување учествуваат со 7% и изнесуваат 167.135 илјади МКД. Истите се зголемени поради растот на премијата предаден во реосигурување.

Нематеријалниот имот изнесува 22.216 илјади МКД и во вкупните средства учествува со 1%. Истиот е зголемен во однос на минатата година поради дополнителните вложување во софтвер. Материјалниот имот во вкупната актива учествува со 3% и изнесува 70.669 илјади МКД.

Останатите средства изнесуваат 42.604, од кои пари и паричните еквиваленти изнесуваат 23.067 илјади МКД и во вкупната актива учествуваат со 1%, со што нивното учество е намалено од претходната година, а 19.537 се однесуваат на опрема и останати материјални средства кои се спомнати во материјалниот имот погоре.

Побарувањата по основ на одложени и тековни даночни средства изнесуваат 7.760 илјади МКД и истите се однесуваат на платени аконтации за данок на добивка во текот на 2018 година.

Заклучно со декември 2018 година, активните временски разграничувања се во износ од 123.732 и претставуваат 5% од вкупните средства. Од нив најголемиот дел, односно 114.693 илјади МКД, се однесуваат на одложени трошоци за стекнување.

**Пасива:** Вредноста на капиталот на ден 31 декември 2018 година изнесува 882.553 илјади МКД, или за 6% повеќе во однос на состојбата од 31 декември 2017 година. Причина за растот, покрај нето-добивката, се и промените во ревалоризационата резерва кои се зголемија за 19.970 илјади МКД поради рекласификацијата на финансиските средства од „останати пласмани“ (кои се вреднуваат по амортизирана цена) во „расположливи за продажба“ (кои се вреднуваат по објективна вредност). Структуралното учество на капиталот во билансната сума на Друштвото за деловната 2018 година изнесува 38%. Основачкиот (впишан капитал на Друштвото) според податоците од Централниот регистар изнесува 3.009.200 евра.

Бруто техничките резервации остваруваат пад од 0,1% во однос на состојбата од 31 декември 2017 година и имаат најголемо структурално учество во вкупната пасива со 54%.

Одложени и тековни даночни обврски бележат пад од 3% поради пониските тековни даночни обврски, а кои се резултат на пониската нето-добивка. Од друга страна, одложените даночни обврски бележат раст поради растот на ревалоризационата резерва.

Останатите резерви бележат раст од 123% или 7.710 илјади МКД. Причината за растот е формирањето на резерва за неискористени одмори од страна на вработените, во согласност со IAS 19.

Обврските бележат раст од 6% или се поголеми за 7.686 илјади МКД. Во структурата на изворите на средства учествуваат со 6%. Растот е резултат на зголемување на обврските кон реосигурителите по основ на премија.

Пасивните временски разграничувања изнесуваат 25.577 илјади МКД и во структурата на вкупната пасива учествуваат со 1%. Пасивните временски разграничувања се однесуваат на прокнижување

на аконтации за трошоци направени во 2018 година, а за кои сметководствени документи не беа пристигнати со датумот на затварање на сметките.

Во продолжение следува билансот на состојба за годината завршена на 31 декември 2018 и 31 декември 2017 година.

| МКД ‘000 | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 | Индекс 2/3 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **СРЕДСТВА** | | | | |
| Нематеријален имот | 22.216 | 19.173 | 116 | 1% |
| Земјиште, градежни објекти и останати материјални средства | 51.133 | 57.038 | 90 | 2% |
| Финансиски вложувања во друштво во група | 83.174 | 85.409 | 97 | 4% |
| Останати финансиски вложувања | 1.488.223 | 1.432.206 | 104 | 64% |
| Средства од реосигурување | 167.135 | 139.241 | 120 | 7% |
| Одложени и тековни даночни средства | 7.760 | - | | 0% |
| Побарувања | 330.126 | 347.510 | 95 | 14% |
| Останати средства | 42.604 | 48.856 | 87 | 2% |
| Активни временски разграничувања | 123.731 | 118.513 | 104 | 5% |
| **ВКУПНО АКТИВА** | **2.316.102** | **2.247.946** | **103** | **100%** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | | |
| Капитал | 882.553 | 831.106 | 106 | 38% |
| Технички резерви | 1.248.387 | 1.249.199 | 100 | 54% |
| Останати резерви | 13.987 | 6.276 | 223 | 1% |
| Одложени и тековни даночни обврски | 7.738 | 8.016 | 97 | 0% |
| Обврски | 137.859 | 130.176 | 106 | 6% |
| Пасивни временски разграничувања | 25.578 | 23.173 | 110 | 1% |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **2.316.102** | **2.247.946** | **103** | **100%** |

# 8 Контрола на ризикот

Управувањето со ризик е процес кој овозможува со одговорно работење да дојдеме до квалитетни сознанија со цел донесување правилни одлуки за постигнување на подобри резултати во работењето.
Основната одговорност за активно управување со ризиците од работењето ја носат одредени деловни подрачја кои се одговорни за воспоставување на соодветна и ефикасна внатрешна контрола и изведување на деловни активности во склад со одредени ограничувања и во согласност со утврдените стратешки цели.
Триглав Осигурување АД, Скопје во континуитет ги идентификува, проценува и мери ризиците на кои се изложува во текот на своето работење. Политиката на управување со ризиците претставува планиран и систематизиран пристап на идентификација, процена и пресметка на контрола на ризикот. Всушност, Друштвото во извештајниот период својата политика за контрола на ризикот ја насочува кон обезбедување и трајно одржување на степенот на изложеност на ризици на ниво кое нема да ги загрози неговите средства и работењето и кое ќе обезбеди потполна заштита на интересите на осигурениците, акционерите, оштетените лица и останатите доверители на Друштвото и сето тоа усогласено со закон и останатите прописи, како и интерните правилници и процедури.

## 8.1 Адекватност на капиталот

Адекватност на капиталот претставува обезбедување од можните капитални ризици, односно од ризици од кои Друштвото може да не биде способно да го обезбеди потребниот пропишан капитал. Во текот на деловната 2018 година, Друштвото продолжи со редовни пресметки на потребното ниво на капиталот.

Адекватноста на капиталот Друштвото ја проверуваше на квартално ниво преку пресметка на потребното ниво на маргина на солвентноста со примена на методот на стапка на премија и методот на стапка на штети во согласност со Законот за супервизија на осигурување.

## 8.2 Управување со ризикот од осигурување

Едно од главните средства за контрола на ризикот претставува реосигурувањето. За ризиците кои го надминуваат сопствениот капацитет на осигурување, односно управување со вишок на ризици, Друштвото во деловната 2018 година ги реосигура своите обврски од договорите за осигурување кои го надминуваат износот утврден со Табелата за максимално покритие. Потребите од реосигурување за извештајниот период, се спроведуваа во согласност со Одлуката за утврдено максимално покритие, како и Програма за потребите од реосигурување на Друштвото за деловната 2018 година, каде поединечно се наведени, покрај останатото и видовите на договорите за реосигурување со кои ќе се обезбеди вишокот на ризик.

Во склад со законските решенија, а со цел за трајно обезбедување на извршување на обврските од договорите за осигурување, Друштвото во извештајниот период продолжи со формирање на технички резерви. Утврдување на потребното ниво на техничките резерви, претставува еден од најзначајните фактори за контрола на ризикот, бидејќи со истите се покриваат идните обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување. Формирање на средства кои ги покриваат техничките резерви се вршеше во согласност со законските прописи, утврдената методологија на Заваровалница Триглав д.д., прописите на Агенцијата за супервизија на осигурување, како и актите и правилниците на Друштвото.

## 8.3 Управување со оперативни ризици

Оперативен ризик е ризик кој произлегува од пропустите во работењето на вработените и органите на Друштвото, несоодветни внатрешни процедури и процеси, неадекватно управување со информационите и други системи, како и поради непредвидени надворешни настани.

Оперативниот ризик има влијание на секоја активност и деловен процес во рамките на Друштвото. Ефикасно управување со оперативните ризици се темели на разбирање на значењето и влијанието на оперативните ризици врз работењето на Друштвото, поделбата на надлежностите и ефикасна контрола во процесот на утврдување, проценување, надзор и контрола на оперативниот ризик. Прелиминарен чекор во воспоставувањето на ефикасно управување со оперативниот ризик е

подигање на свеста за оперативниот ризик на сите нивоа на Друштвото. Важна улога во подигање на свеста има и раководството на Друштвото кое е одговорно, во рамките на својот сектор, служба и одделение, да ја пренесе важноста за ефикасно управување со оперативниот ризик. Долгорочна цел на друштвото е да ја подигне свеста на ниво кое што ќе осигура имплементација и квалитетно спроведување на сите останати компоненти во рамките на управување со оперативниот ризик

За справување со ризикот од управување со средствата и обврските, кој произлегува од неадекватното управување со средствата и обврските, ризик на погрешни проценки, евидентирања, презентирања и обелоденување на вредноста на средствата и обврските како и на приходите, расходите и резултатот на работењето, ризик од рочната неусогласеност на средствата и нивните извори, Друштвото постојано преку донесените акти, политики и постапки, ќе ги идентификува овие ризици, а со оценување на ефективноста на воспоставениот интерен контролен систем, ќе превзема мерки за нивно отстранување.

Контролата на оперативниот ризик ќе се врши со примена на Стратегија на Друштвото за чување на податоци потребни за непречено работење на Друштвото; адекватноста на информациониот систем; процена на големината на ризикот и одредување на тековите на работењето кои посебно се загрозени со оперативниот ризик. Кај контролата на ризикот по поединечни делови од работењето кои исто така посебно се загрозени со оперативен ризик, како и кај формирање и ажурирање на база на податоци значајни за контрола на ризикот, Друштвото во најголем дел ќе се потпира на системот на внатрешна контрола и функцијата на внатрешна ревизија.

### 8.4 Управување со ризик на ликвидност

Ризикот на ликвидност е ризик кој произлегува од неможноста да се претворат поединечни облици на имот во пари, или ризик кој произлегува од неможноста да се доведат во рамнотежа краткорочните средства од една и краткорочните обврски од друга страна.

Ризикот на ликвидност обично произлегува од реализацијата на други видови ризици, како што се кредитниот и пазарниот ризик. Реализацијата на кредитниот ризик, односно висок коефициент на доспеани, а ненаплатени побарувања, како и реализацијата на пазарниот ризик, односно неостварени очекувани приноси, може да допринесе за реализација на ризикот од ликвидност.

Управувањето на ризикот од ликвидност во 2018 година беше насочено кон одржување на способноста на Друштвото да управува со средствата на начин кој ќе овозможи да Друштвото во секое време е во состојба да одговори на пристигнатите обврски и да ја одржи ликвидноста на оптимално ниво, односно ниво кое ги задоволува сите законски барања.

Како дел од постигнување на усогласеност со регулаторните барања, Друштвото во текот на 2013 година донесе интерни акти и тоа „Методологија за утврдување на коефициентот на ликвидност на дневна основа за Триглав Осигурување АД, Скопје“ и „Правилникот за методот на пресметка на коефициентот на ликвидност и минимална ликвидност на Триглав Осигурување АД, Скопје“ со кои се дефинираат активностите, улогите и одговорностите при планирањето и управувањето со ликвидноста и пресметувањето на стапката на ликвидност.

Дополнително, кон крајот на 2014 година започната е со табеларно пратење на ликвидноста, кое се врши на редовна месечна основа и служи за предвидување на приливите и одливите на парични средства во наредниот месец. Ова, заедно со зголемената комуникација со останатите сектори, а особено со Секторот Штети, придонесе за одржување на ликвидноста на оптимално ниво.

### 8.5 Управување со пазарен ризик

Управувањето со пазарниот ризик подразбира ангажирање и одговорност на сите организациони единици и вработени за спроведување на Политиката за управување со ризици. Постоењето на ефективен систем на контрола и лимити, организациона свест за пазарните ризици, како и унапредување на ИТ технологијата, ќе овозможи спроведување на активности кои ја формираат рамката за управување со пазарниот ризик. Освен оваа политика, елементи за управување со пазарните ризици се обезбедени и со други интерни акти на Друштвото.

Пазарниот ризик се однесува на ризик кој, директно или индиректно, е резултат на флуктуациите и/или нестабилноста на пазарните цени на средствата и обврските, вклучувајќи го девизниот ризик, каматниот ризик, ризикот од промена на цените на недвижностите, ризик на сопственичките хартии

од вредност итн. Службата за финансии е должна да инвестира во финансиски средства чиј ризик може адекватно да се идентификува, мери, управува и контролира. При поставување на лимити, Друштвото секогаш ќе се води од начелото за усогласеност со регулаторните барања врзани со процесот на вложување. Моменталниот систем на лимити е темелен на постоечката легислатива, која пак е базирана на Солвентност I и правилата за покритие на техничките резерви, структурата на вложување итн.

### 8.6 Внатрешна ревизија

- Службата за внатрешна ревизија организирана е како самостојна, независна организациона единица на Друштвото која е непосредно подредена на Одборот на директори. Службата е функционално и организационо одвоена од другите организациони делови на Друштвото.
- Дејствувањето на внатрешната ревизија е регулирано со закон, важечките меѓународни признати стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија, начелата на струката и праксата, внатрешните акти, како и смерниците на Службата за внатрешна ревизија на матичното друштво.
- Со својот независен и непристрасен пристап во текот на обавување на своите работи и објавување на резултатите од работењето, како и известување за спроведената внатрешна ревизија, Службата помага на Одборот на директори и на раководните лица во заштита на имотот на Друштвото и во подобрување на квалитетот од работењето, во економично и ефикасно користење на средствата и сигурност на информациите.
- Кај остварување на стратешките цели и деловната политика, Службата допринесува во подобрување на правилностите и успешноста на постапките во работењето со ризиците, владеење со ризиците и управување со истите со цел остварување на програмата и плановите на Друштвото.
- Со потполен надзор над работењето, Службата проверува дали Друштвото ги извршува своите работи во склад со одредбите на ЗСО, останатите закони, како и внатрешните прописи со кои се регулира работењето на Друштвото.
- Подетално проверува, дали Друштвото води деловни книги и изготвува годишни извештаи, ги вреднува позициите во деловните биланси и годишните сметки и ја известува јавноста за податоците од годишниот извештај изготвен во согласност со ЗСО, како и во согласност со внатрешните прописи со кои се регулира работењето на Друштвото. Службата, согласно постојните прописи, на редовна основа го известува Одборот на директори за конкретно превземените активности и донесени заклучоци.

### 8.7 Управување со ризик на измама

Триглав Осигурување АД, Скопје проактивно ги менаџира ризиците од измами, предизвикани како од надворешни фактори (договорувачи на осигурување, осигуреници, посредници, брокери, авто-сервиси, адвокати), така и од внатрешни фактори, односно потенцијалните ризици од измами од лица кои се во работен однос со Друштвото.

Управувањето со ризиците од надворешни и интерни измами, покрај делот кој ги опфаќа барањата за надомест на штети кај различните видови осигурување, исто така ги опфаќа и различните процеси и деловни активности на Друштвото во останатите домени на работа, како што се маркетинг активностите, процесите на прибава на осигурување, спонзорствата, донациите, поголемите вложувања и инвестиции, процесите на набавки и.т.н.

Триглав Осигурување во текот на 2012 година во доменот на управување со ризици од измами, преку формирање на Службата за спречување, откривање и истрага на измами (СПОРП) на организиран начин отпочна со примена на политика на нулта толеранција кон измами, јасно покажувајќи ја својата посветеност кон проактивна заштита на чесните, регуларни и правно засновани деловни операции на Друштвото. Стратегијата за борба против измами е базирана на три основни столбови – спречување, откривање и истражување на измамите, коишто му овозможуваат на Триглав Осигурување да презема мерки против измамите во делокругот на целокупното свое работење. Друштвото преку работењето на СПОРП, прави напори за сеопфатна примена на добрите пракси на меѓународните организации како ACFE (Association of Certified Fraud Examiners) и IAIS (International Association of Insurance Supervisors) и е посветено на континуирано подобрување на капацитетите и ефикасноста на целокупниот систем на внатрешни контроли

поврзани со справувањето со ризици од измами. Во тој дух, на крајот од 2015 година, во согласност со насоките од “SOLVENCY II“ директивата, беше воспоставена нова функција за “Усогласенот на работењето”, со именување на координатор за усогласеност на работењето, кој сега е надлежен за управување со ризиците од интерни измами, додека СПОРП продолжува со своето делување во управувањето со ризици од измами поврзани со примарната осигурителна дејност. Преку усогласено работење и континуирана координацина на СПОРП со клучните функции – Внатрешна ревизија и Усогласеност на работењето, се овозможува посеопфатно заедничко делување и ефикасно сузбивање на ризиците од измами. На овој начин, овие служби спроведуваат заеднички контролни, но и едукативни активности, насочени кон тоа, вработените на сите хиерархиски нивоа да го разберат значењето на политиката на нулта толеранција кон измами и да се однесуваат усогласено со неа. Превентивното однесување во областа на измамите е дел од корпоративната култура, а ТОСК е водечки пример на примена на добри пракси во осигурителната индустрија во Македонија.

Во согласност со обновената стратегија за Групацијата Триглав за периодот 2017-2020 година и насоченоста на групацијата кон дигитализација и нови технологии, ТОСК континуирано ги следи најсовремените светски текови и во оваа област, и инвестира во нови технологии кои ги подобруваат капацитетите и ефикасноста на друштвото во сузбивањето на измамите.

Така, во 2016 година беше набавена CDR BOSCH (Crash data retrieval) технологија, која на стручните вработени од секторот за штети и регреси, им овозможува да преземат прецизни и фактички податоци, директно од електронските уреди вградени во автомобилите што учествувале во сообраќајни незгоди - за кои се појавува сомнеж за евентуална измама или дилеми околу степенот на одговорноста на учесниците во незгодата.

Во Q4 2017 година беше завршена и имплементацијата на современо, автоматизирано, софтверско решение (FROPS 2.0) за откривање на измами кај побарувањата за надомест на штети, кое во 2018 година веќе покажа конкретни резултати и зголемена ефикасност во откривањето на измами. Со овој успешен проект, ТОСК стана првото осигурително друштво во Македонија кое воведе софтвер за откривање на измами во осигурувањето, со што уште еднаш го потврди својот неприкосновен лидерски статус на домашниот пазар, не само во примарната осигурителна дејност, туку и во сегментот на борба против измамите и применувањето нови технологии. Во идниот период, фокусот на СПОРП службата, во соработка со функцијата Усогласенот на работењето, ќе биде насочен кон интензивирани интерни обуки и едукации за вработените, со цел подигање на свесноста за ризиците од измами. Друга зацртана цел за 2019 година е дополнителна обука за прибавување меѓународно признаени сертификати “Certified Fraud Examiner” за вработените во Триглав Осигурување вклучени во борбата против измамите.

## 9 Подршка на информатичка технологија

Основна функција на Службата за информатичко комуникациски технологии во Триглав осигурување АД Скопје е сервис/подршка на бизнисот во ефикасно и успешно реализирање на поставените планови и стратегии на друштвото, во рамки на генералната стратегија на Групација Триглав и спроведување на корпорациските процеси и процедури.

Службата за информатичко комуникациски технологии во Триглав осигурување АД Скопје е поставена според потребите на деловните процеси во друштвото и има за цел навремено, точно и комплетно процесирање на информации и документи релевантни во работењето на друштвото. Службата се состои од тим од 5 специјалисти со највисока техничка наобразба со добро познавање на осигурителниот бизнис, кои се во тек со најновите современи технологии.

Службата за информатичко комуникациски технологии делува во правец на:

- Целосна достапност на ИТ сервисите;
- Техничка и апликативна подршка на корисниците на информациските системи;
- Унапредување и имплементација на апликативен софтвер;
- Анализа и моделирање на деловни процеси по поединечни подрачја на работењето, учество во унапредување и развој на поединечни модули на ИС, подршка и учество во изработка на функционални спецификации за нови функционалности, проектни имплементации на ИС, учество во тестирање и обука на корисници, управување со инциденти и доработки;
- Одржување на инфраструктура (сервери, виртуализација, складирање на податоци, логичко умрежување, управување со ресурси), системски сервиси (AD/DNS/File/Print), база на податоци(MSSQL), безбедност (пристап на корисници, AV, bekap, disaster recovery), фиксна и мобилна телефонија;
- Примена на ИТ политика за безбедност според Правилникот за минимални стандарди и според безбедносните стандарди на Групација Триглав ИНТ;
- Усогласеност на ИТ работењето според локалната законска регулатива и усогласеност на ниво на Групација Триглав ИНТ;
- Управување на ИТ преку следење на ИТ проекти и ресурси и функционирање на Одборот за управување со ИТ, во чии рамки како извршно тело функционира Развоен Совет за управување со развојот на АПО Адинсуре на ниво на Групација Триглав ИНТ.

Поважни проекти во 2018 на Службата за ИКТ беа:

Software:
- Воведување на обнова на АО полиси преку интернет;
- Усвоен документ за web развој за 2018-2019 на ниво на Група ТИНТ (друштва кои користат Адинсуре). Прва фаза од web развојот е продажба на полиси преку интернет за крајни корисници за патничко здравствено осигурување. ТОСК започна со имплементација на web ПЗО во 07/2018, а на продукција е пуштена во 02/2019;
- Завршена последната фаза (интеграција со системот на Адинсуре – означување на штетите од апликацијата ФРОПС);
- Имплементација на нова верзија - ГДПР Адинсуре;
- Имплементација на третата функционалност на  модулот за наплата на должна премија- судски постапки и извршувања;
- Имплементирана интеграција на Аудатех со Адинсуре (ИНТ доработка)- пуштена на продукција во 01/2019;
- Развој во делот штети- функционалноста Advelocity, која е сеуште во фаза на тестирање и доработка;
- Во рамки на проектот за централизација на управување со информатика и ИТ инфраструктура во Група Триглав, усвоен е документот Стратешки насоки на развој и минимални стандарди за поединечните подрачја на работење на ИТ службите во осигурителните зависни друштва во Група ТИНТ и изработен е план на активности за воведување на минималните стандарди во сите зависни друштва на ниво на Група ТИНТ;
- Започнато е користење на модулот за масовно испраќање на пораки на клиенти-физички лица од страна на Службата за позадинско работење во делот опомени. А покасно и испраќање електронски пораки (е-маил) за неплатен долг на правни лица;
- Низа доработки од страна на ИТ ТОСК со цел унапредување и ефикасност во работењето на корисниците во ТОСК (изработка на извештај за провизионирање на брокерите,

доработка во програмот за плати (автоматско вчитување на провизиите за застапниците, кои се работеа рачно), дополнителни извештаи за регреси и др.извештаи на барање на менаџмент, како и останатите корисници за анализа, унапредување и носење на адекватни одлуки);
- Нова пресметка на плата со воведување на прогресивниот персонален данок, согласно законските прописи, која започна да важи од 01.01.2019 ( за Триглав Осигурување АД, Скопје и за Триглав Осигурување Живот АД,Скопје)
- Договорот за МС лиценци на 3 години, склучен со локалниот провајдер на Microsoft лиценци (потпишан во 2017), проширен е со Office 365, според планот за 2018.
  До крајот на 2018 O365 не е имплементиран, поради централизираното воспоставување на унифициран (централизиран) систем за пријава на Office 365 на ниво на ЗТ.
  За таа цел беше неопходно да се спроведат големи промени во инфраструктурните делови на нашит ИС.

Hardware:
- Продолжен е договорот за одржување на машинска и програмска опрема (сервери, работни станици,software-лиценци), во рок од 1 година. Договорот важи од 26.07.2018-25.07.2019
  (Не е набавена нова опрема поради проектот централизација на инфраструктурата во ЗТ на ниво на Група Триглав);
- Набавка на редундантен рутер за воспоставување на секундарниот MPLS линк со Словенија (тестиран и ставен во употреба);
- Набавка, опремување и умрежување на опремата и преселба на друштвото Триглав Осигурување Живот АД,Скопје на 5-ти кат;
- Замена на компјутери, HDD со SSD дискови, доградба на меморија.

Останато:
- Спроведена е имплементација на ИСО 9001:2015 стандард за системи на управување со квалитет и по извршената ревизија од надлежното сертификационо тело добиен е сертификатот за управување со кавалитет во 09/2018;
- Завршена втората фаза од проектот Процена на оперативни ризици при примена и развој на апликации на информатичка технологија( подготовка на корективни мерки на основа добиените резултати од проценета на ризиците);
- Спроведена е ревизија на Планот за деловен континуитет и извршени се тестирања на 2 плана од деловниот континуитет.

# 10 Вработување и структура на вработени

Во прилог е структурата на вработените:

| Вид на вработување | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 | Разлика |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Интерни работници | 126 | 126 | / |
| Застапници | 125 | 118 | +7 |
| **Вкупно** | **251** | **244** | **+7** |
| На определено време | 60 | 80 | -20 |
| На неопределено време | 191 | 164 | +27 |
| **Вкупно** | **251** | **244** | **+7** |

*Графикон: Структура на вработените според степен на образованост*



# 11 Правни и економски односи со поврзани и заинтересирани страни

## 11.1 Основни податоци за Групацијата

Триглав осигурување АД Скопје е дел од Групацијата Триглав, која претставува водечка осигурително-финансиска групација во Словенија и Адриа регионот, како и една од водечките групации во Југоисточна Европа. Групацијата е присутна во шест држави и има над 5.000 вработени. Основна дејност на Групацијата е осигурителното работење, а остварената бруто полисирана премија изнесува над 1.000 милиони евра.

На 31 декември 2018 година, квалификуваното учество во Триглав осигурување АД Скопје припаѓа на Триглав Инт. Холдинска Дружба д.д. Љубљана, која поседува 80,35% од вкупно издадените акции (2017: 79,94%). Крајна матична холдинг компанија е Заваровалница Триглав д.д., која има 100% учество во Триглав Инт. Холдинска Дружба д.д. Љубљана.

Во прилог е структурата на поврзаност помеѓу компаниите во Групација Триглав:



## 11.2 Трансакции со поврзани и заинтересирани страни

Состојбата на крајот на годината и трансакциите со поврзаните и заинтересирани страни во текот на годината биле како што следи:

| *Во илјади МКД* | **Матично друштво** | **Директен сопственик** | **Сестрински подружници** | | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **31 декември 2018** | Заваровалница Триглав | Триглав ИНТ. | Триглав РЕ | Триглав Непремичнине | Триглав Саеаево | Триглав Загреб | Триглав Белград | Триглав Подгорица | Триглав Живот | |
| **Средства** | **2.220** | **-** | **91.647** | **-** | **-** | **-** | **98** | **27** | **190** | **94.182** |
| Средства од реосигурување | 2.220 | - | 91.647 | - | - | - | - | - | - | **93.867** |
| Побарувања по основ на осигурување и останати побарувања | - | - | - | - | - | - | 98 | 27 | 13 | **138** |
| Останати побарувања | - | - | - | - | - | - | - | - | 177 | **177** |
| **Обврски** | **14.748** | **-** | **8.054** | **-** | **-** | **3** | **-** | **-** | **-** | **22.805** |
| Обврски кон реосигурители | 14.550 | - | 8.054 | - | - | - | - | - | - | **22.604** |
| Останати обврски | 198 | - | - | - | - | 3 | - | - | - | **201** |
| **Приходи** | **20.724** | **105** | **36.213** | **-** | **12** | **-** | **116** | **60** | **2.010** | **59.240** |
| Приходи од осигурување | | - | - | - | - | - | - | - | 68 | **68** |
| Приходи од провизии и надомести | 12.373 | - | 14.437 | - | 12 | - | 116 | 60 | - | **26.998** |
| Учество на реосигурителите во настанатите штети и користи | 1.882 | - | 14.762 | - | - | - | - | - | - | **16.644** |
| Промена во резерви за штети на реосигурителите | 856 | - | - | - | - | - | - | - | - | **856** |
| Останати приходи | 5.613 | 105 | - | - | - | - | - | - | 1.942 | **7.660** |
| Промена во преносна премија | | | 7.014 | - | - | | | | | **7.014** |
| **Расходи** | **137.951** | **-** | **79.368** | **953** | **-** | **190** | **-** | **-** | **259** | **218.721** |
| Промена во резерви за штети на реосигурителите | - | - | 9.878 | - | - | - | - | - | - | **9.878** |
| Бруто ликвидирани штети | 297 | - | - | - | - | 145 | - | - | - | **442** |
| Пренесена премија на реосигурителите | 136.186 | - | 69.490 | - | - | - | - | - | - | **205.676** |
| Административни трошоци | 1.468 | - | - | 953 | - | 45 | - | - | 259 | **2.725** |

| *Во илјади МКД* | **Матично друштво** | **Директен сопственик** | | | **Сестрински подружници** | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **31 декември 2017** | Заваровалница Триглав | Триглав ИНТ. | Триглав РЕ | Триглав Загреб | Триглав Белград | Триглав Подгорица | Триглав Живот | |
| **Средства** | **1.564** | **-** | **94.081** | **-** | **8** | **-** | **137** | **95.790** |
| Средства од реосигурување | 1.357 | - | 94.081 | - | - | - | - | **95.438** |
| Побарувања по основ на осигурување и останати побарувања | 207 | - | - | - | 8 | - | **12** | **227** |
| Останати побарувања | - | - | - | - | - | - | **125** | **125** |
| **Обврски** | **11.952** | **-** | **5.563** | **2** | **-** | **-** | **-** | **17.517** |
| Обврски кон реосигурители | 11.799 | - | 5.563 | - | - | - | - | **17.362** |
| Останати обврски | 153 | - | - | 2 | - | - | - | **155** |
| **Приходи** | **15.021** | **158** | **18.411** | **-** | **74** | **12** | **83** | **33.759** |
| Приходи од осигурување | | - | - | - | - | - | 52 | **52** |
| Приходи од провизии и надомести | 9.667 | - | 10.702 | - | 74 | 12 | - | **20.455** |
| Учество на реосигурителите во настанатите штети и користи | 4.085 | - | 6.126 | - | - | - | - | **10.211** |
| Промена во резерви за штети на реосигурителите | 1.269 | - | 1.583 | - | - | - | - | **2.852** |
| Останати приходи | - | 158 | - | - | - | - | **31** | **189** |
| **Расходи** | **129.779** | **-** | **59.569** | **197** | **-** | **-** | **43** | **189.588** |
| Промена во преносна премија | - | - | - | - | - | - | 43 | **43** |
| Промена во резерви за штети на реосигурителите | - | - | 1.981 | - | - | - | - | **1.981** |
| Бруто ликвидирани штети | 328 | - | - | 136 | - | - | - | **464** |
| Пренесена премија на реосигурителите | 128.927 | - | 57.588 | - | - | - | - | **186.515** |
| Административни трошоци | 524 | - | - | 61 | - | - | - | **585** |

**Главен извршен директор**

**Г-дин Ѓорѓе Војновиќ**

**Извршен директор**

**Г-дин Рок Пивк**